Средната годишна амплитуда на водостојот на Огридското Езеро регулирано со истекот на Црни Дрим е релативно мала и изнесува 0.44м.

Максималното ниво на езерото е забележано во 1963 година кога ја достигнало котата 694.62 м.н.в., Односно 1.5 м.над минималната кота од 693.12 м.н.в.

Огридското Езеро се одликува со голема прозирност, но таа во текот на годината е променлива како временски, така и просторно. Оваа променливост се должи на низа фактори: приливот на поголеми количества површински води во текот на есента и зимата, почестите бранови движења, зголемениот прилив на отпадните води во одделни крајбрежни подрачја блиски до населените места кои во текот на пролетта и летото го зголемуваат количеството на фитопланктонот за неколку пати, што ја намалува прозирноста на водата до крајни граници, некаде дури и до 0.5 м. Прозирноста на езерото се движи од 18.3- 21.5 м со што ова езеро се смета за едно од најпровидните езера во Европа, но во поново време поради наведените фактори покажува тенденција на намалување што мошне загрижува и бара превземање на соодветни мерки: префрлување на реката Сатеска повторно во Црн Дрим, регулирање на тековите на реките, а особено контрола на ефикасноста на работата на регионалниот колекторски систем за одведување на фекалните отпадни води кој е веќе во функција.

Во езерото се вливаат 40 помали реки и потоци од кои 17 се на Македонска територија. Освен Сатеска, Коселска Река, Грашница и Черава сите останати се краткоточни и суводолици. Реките се со мал слив, должина и проток и при вливот на езерото создаваат делти.

Реката Сатеска е еден од загадувачите на Огридското Езеро бидејќи во неа се влеваат 24 пороjни водотеци и со тоа истата врши повремено матење на бистрата вода на езерото, носејќи со себе големи количини на наноси.

Количините на наносите се дадени емпириски и можат да се сметаат како ориентациони .Пресметани количини на наносот е околу 330 000м3. Од вкупната продукција на на наносот, во гидрографската мрежа доспева околу 63% , што приближно изнесува 208м3.

Единствена река што истекува од езерото е Црн Дрим кај градот Струга. Нејзиното корито има правец на протегање север - југ. Со регулирање на коритото и нејзините притоки во Струшкото поле, подземните води се спуштени на ниво под 3 м. со што е оневозможено создавање на повремени мочуришта.

Порано нејзиниот истек бил околу 28м3/сек, а планираната вредност на максимален истек околу 50м3/сек. Од истекот па се до населбата Ташмаруништа реката Црн Дрим тече низ Струшкото поле Должината на овој дел изнесува 12.5 км сметајки до почетокот на Глобочичкото Езеро . На овој потег во реката се вливаат реките Брамешница , Беличка , Вевчанска ,

Подгоречка и Лабунишка река.Сите се пороjни и се одликуваат со помали или поголеми количини на вода која е постојано присутна во коритата. Беличка река има најголем степен на пороjност .Сите овие реки имаат карактер на планински водотеци , во чиј корита се среќаваат често стеновитите потези, големи падови, покрупен нанос.
Неjзиното корито има правец на протегање север - jуг. Со регулирање на коритото и неjзините притоки во Струшкото поле, подземните води се спуштени на ниво под 3 м. со што е оневозможено создавање на повремени мочуришта.

3.5. Клима

Градот Струга со својата околина има модифицирана умерено континентална клима која се карактеризира со умерени температурни осцилации на воздугот, со сончеви и умерено топли лета и умерено ладни зими.

Рамничарскиот и крајбрежниот простор поради влијанијата на воденuот базен и продорот на топли струи по должината на р. Црн Дрим се карактеризира со блага континентална клима, додека планинските простори (Јабланица и Караорман) со типично континентална и највисоките делови со континентална клима.

Летата се сончеви и умерено топли со просечна температура од 19, 6°C, а зимите умерено студени со просечна температура од 1,9°C. Просечната годишна температура изнесува 10,7 °C.

Просечните годишни врнежи се движат од 788,5 мм. а умерената влажност од 76%, што овозможуваат развој на повеќе шумски заедници.

Ветровите воглавно дуваат од северниот квадрант во текот на целата година. Специфично за ова подрачје се локалните дневни ветрови, Стрмец што дува од запад и југозапад во летните месеци во попладневните часови и Деникот кој дува од Огридско - Преспанскиот регион се карактеризира со прилично гетерогена орографија која од своја страна условува модифицирање на климатските општи карактеристики, додека огромните водни природни акумулации, Огридското и Преспанското Езеро, се посебни климатски модификатори кои одредуваат посебен режим на некои метеоролошки елементи. Во топлиот дел на годината езерата акумулираат топлина, а во студениот дел на годината, особено во првите зимски месеци, акумулираната топлина се ослободува и го загрева воздугот, со што значително се зголемуваат просечните месечни температури. Огридското Езеро лежи на пониска надморска височина и е значително поизразен модификатор на климата од Преспанското, што се должи на температурата на водата која во Огридското Езеро е доста потопла преку целата година.

Локалната клима во Струга и неjзиното блиско окружување условена со многубројните влијанија се одликува со: лета - пријатни и топли со свежи ноќи, зимите се студени но слабо изразени, есента е значително потопла од

пролетта, но и значително поврнежлива. Температурите на воздугот се: просечна годишна 10,7°С (но, таа се менува од година во година во границите од 10.5 и 12.5), апсолутно максимална забележана во летните месеци 36.2°С, апсолутно минимална - 20,1°С.

Температурите на езерската вода се: просечна годишна 14,3°С, апсолутно максимална 27,2°С.

3.6. Педологија

Педолошките карактеристики во општината се во тесна зависност од топографијата, геолошкиот субстракт, гидрографијата, климата и вегетацијата. Рељефот според конфигурацијата може да се подели на рамнински, падински, терасесто - брановиден и планински.

Рамнинските терени се застапени во Струшкото поле, а се исполнети со алувијални наноси. Дел од овие површини покрај езерото посилно се влажени при издигање на водите на езерото.

Падинските терени го обиколуваат рамното алувијално дно на котлината, на преминот кон планинските терени, а составени се од серија делувијални конуси на кои се развиени делувијални почви.

Терасестите брановидни терени ги завземаат просторите до каде некогаш достигнувало поранешното ниво на езерото. Овде се застапени цементните и лесовираните почви.

Планинските терени со околните планини Јабланица и Караорман, кои се и со најголеми површини составени од тријасти варовници.

3.7. Вегетација и пејсаж

Разликата во природните услови (петрографски состав, почви, експозиции, надморски висини, температура на воздугот, количеството врнежи, близината на езерото), условила растителната покривка на Струга и нејзиното поблиско опкружување да покажува големи разлики како во вертикална, така и во горизонтална насока.

Во биогеографски поглед јасно се одделуваат два региони: планински и рамнински со подпланински ридови.

Територијата на општина Струга покриена е со четири категории на растителност и тоа: шуми, шикари и шибјаци, низински брдски и високи планински пасишта, како и мочварна и водена вегетација.

Шумската вегетација е доста гетерогена по состав структура и расчленетост и истата во најголем дел е под влијание на човекот со што на мали површини денес е сочуван првобитниот изглед.

Парковските површини се исто така простори каде флората има доминантно место.Треба да се истакне дека флористичките индивидуи во знатна мера се и автогтона флора и дека дел од насадите е формиран од флората на други

едафо-климатски услови, претежно од медитерански, како и други фитогеографски области (повеќе зимзелени растенија).
Уредени зелени површини-партерно и гортикултурно се решени и обработени во Струга во повеќе дворни места на објектите, дрворедите на кејовите на реката Црн Дрим, покрај бреговите на езерото и по одделни улици, како и Градскиот парк на брегот на езерото и паркот на поезијата. На поодделни делови од просторот се среќаваат карактеристични експонати на зимзелени и листопадни дрва, како и посебни цветни аранжмани.

Езерото и изворите во истоименото населено место Шум, со Просторниот план влегува во границите на просторното и културното наследство на УНЕСКО и се одликуваат со посебна природна убавина, со карактеристичен растителен и животински свет.

4 Население

4.1. Движење на бројот на жители

Според пописот на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во Република Македонија во 1994 год. во општина Струга на површина од 147 км2 живеат 35.509 жители, со густина на населеност од 241 жител на км2. Во градот Струга кој е центар на општината, на површина од 389.35Ха попишани се 16.037 жители, со густина на населеност од 48ж/Ха.

Движење на бројот на жители според пописни години

година	1961	1971	1981	1994 Струга	2006 Струга-претпост.
бр.на жители	6.857	11.499	14.325	16.037	17.865
стапка напор.		1.6	1.24	1.12	1.08

Стапката на пораст ја означува динамиката на растот на населението во градот, а од анализата може да се заклучи дека таа е во опаѓање во периодот од 1971 до 2002 година.

4.2. Територијална дисперзија на населението во градот по месни заедници

Во урбаниот опфат на градот Струга егзистираат 4 реони.

Дисперзија на населението во просторно - функционалните целини по реони (попис на населението од 1981година и претпоставка за 2002 година)

Струга	1971	1981	1994	2002 (претпоставка)
Реон I		2.714		3.240
Реон II		3.816		6.190
Реон III		4.624		5.520
Реон IV		3.171		3.810
вкупно:	11.499	14.325	16.037	17.260

4.3. Структура на населението по пол, возраст и национална припадност

Старосната структура на населението во основа е определена од интензитетот на природниот прираст и меганичкото движење на населението. Анализата на старосната структура е битна од повеќе аспекти. Според неа се споредуваат одделните контингенти на населението (предучилишни, училишни, работоспособни, активни, издржувани и слично) како и други значајни елементи за социо демографско планирање.

Старосна структура на населението (попис 1994 година)

старосни групи	бројна жители	% на учество во вк. население
0-6	1.926	12.0
7-14	2.412	15.0
15-19	1.215	7.5
20-60	8.593	53.5
над 60	1.891	12.0
вкупно:	16.037	100.0

Полова структура на населението (попис 1994 година)

категорија	број	%
машко	7.903	49
женско	8.134	51
вкупно:	16.037	100

Национална припадност на населението (попис 1994 година)

Струга	број	%
Македонци	9.433	58.80
Албанци	4.330	27.00
Турци	887	5.50
Роми	114	0.71
Власи	462	2.90
Срби	91	0.60
други	709	4.48
не се изјаснети	11	0.01
вкупно:	16.037	100%

Во националната структура доминира македонското население.

4.4. Работоспособен и активен контингент и степен на искористеност на населението

Најважни категории на демографско-економската структура претставуваат работоспособниот и активниот контингент на населението.

Учеството на работоспособното население во вкупното население на определена агломерација, е многу важна детерминанта во нејзиниот стопански развој.

Работната сила како непосреден носител на сите активности се регрутира од контингентот на работоспособното население т.е. од мажите на возраст од 15-64 години и жените на возраст од 15-59 години.

Големината на работоспособниот контингент е определена од динамиката на природниот прираст и од старосната структура на определен популациски контингент. Активното население е условено од демографските фактори и од вкупната економска состојба на градот и пошироко.

Состојба 1994 година

категорија	број	%
работоспособни	10.860	67,7 %
активни	7.102	65,4%

4.5. Број и големина на домаќинствата

Општата и стопанска развиеност на едно подрачје директно влијае врз начинот на организирање на семејството, односно со растот на општеството, економскиот развој, доаѓа до распаѓање на големите семејства со тенденција на нивно сведување на потесно семејство во кое живеат само родителите со децата.

Движење на бројот на домаќинства и нивната прос. големина (попис 1994 година)

	година	број на домак.	просечен број чл./дом.	станови
Струга	1971	2.498	4,6 чл./дом.	2.498
	1981	3.306	4,4 чл./дом.	3.221
	1994	4.189	3,8 чл./дом.	5.430

4.6. Културни белези на населението

Нивото на писменоста на населението и степенот на неговото образование представуваат основни културни белези преку кои едновремено се оценува и степенот на развојот на определено подрачје.

И покрај напорите кои општеството ги вложило во изминатиот период, сеуште не може да се рече дека неписменоста е искоренета. Како писмено се смета секое лице кое завршило повеќе од 3 одделенија основно училиште. Исто така, како писмено се смета и секое лице без школска подготовка и со 1-3 одделение основно училиште ако може да прочита и напише состав (текст) во врска со секојдневниот живот, односно да прочита и напише писмо, без оглед на кој јазик и писмо умее да чита и пишува.

За согледување на културните белези на населението како комплекс кој има значително влијание врз другите компоненти, дадени се податоци за школската подготовка и писменоста.

Население по школска подготовка (на возраст од 15 години и повеќе)

од вкупно	12.124	100 %
без образование	425	3.5 %
непотполно образование	1.663	13.7 %
основно образование	3.934	32.5 %
средно обазование	4.491	37.0 %
више и високо	1.574	13.0 %
непознато	37	0.3 %

Во образовната структура на населението најголемо учество има групата со средно образование.

5. ДОМУВАЊЕ

Домувањето е еден од најзначните елементи на просторното и урбанистичкото планирање. Во функционалната структура на урбаните населби ангажира најголем дел од вкупната површина на изграденото земјиште.

Процесот на миграција на релација рурални урбани населби иницран со процесот на индустрискиот развој, има непосредно влијание врз станбената изградба на територијата на градот.

Бројот на станови го надминува бројот на домаќинства во секое населено место. Не постои станбен недостиг, што секако не одговара на реалната состојба. Постојат семејства без стан, како и семејства со повеќе станови.

5.1. Број и квалитет на станбениот фонд

Со цел да се добие реална слика за состојбата на станбениот фонд направена е анализа на неговата старосна структура, опременоста со инсталации, квалитетот на градба и начинот на користење (намената).

Градот во 1994 година располагал со вкупно 5.430 станови, со вкупна станбена површина од 445.920 м2.

а. Станови според годината на изградба

години	станови	нето површина	%
вкупно	5.430	445.920	100%
до 1945	418	31.381	7,40
1946-1960	390	34.227	6,90
1961-1970	1.033	90.194	18,29
1971-1980	1.299	113.157	22,99
1981-1990	1.649	122.678	29,19

1991-1994	641	54.283	11,35

Во периодот од 1961 година до 1990 година изградени се најголем број станови 3.981.

За субстандардни станови се сметаат сите станови изградени пред 1945 година - 418стана, и 10% од становите изградени од 1946 до 1960 година.

(390 г10%) односно 39 стана.

Вкупниот број на субстандардни станови би бил 457станови, односно 8,4% од вкупниот број на станови.

б. Опременост на становите со инсталации(1994 година)

вкупно станови	вид на инсталации			
	вод.и канал.	ел.енергија	парно греење	без инстал.
5.430	5.416	5.425	415	14

Од вкупниот број станови само 0,25% се без инсталации, што значи дека становите во градот (освен овој мал процент) се опремени со водовод, канализација и електрична енергија, додека само 7.6% од становите имаат вградено инсталации за централно греење.

в. Квалитет на градба

Квалитетот на градба се идентификува према материјалот од кој се изградени станбените објекти.

Според статистичките податоци за 1994 година од:

-тврд материјал изградени се 5241 стан или 96,5% од вкупниот број на станови

-слаб материјал изградени се 189 станови или 3,5 % од вкупниот број на станови.

Наведената структура укажува на добар квалитет на станови во градот.

5.2. Систем на градба

Станбените објекти се класифицирани во две категории:

индивидуални станбени објекти - живеалишта кои имаат (до 4 стана) има 3.203 стана.

колективни станбени објекти - заеднички живеалишта и структури со 5 и повеќе станови, има вкупно 2.227 стана.

Според податоците од пописот 1994 год. на просторот на градот се регистрирани вкупно 5.430 станови, од кои 3.203 станови се во индивидуални објекти, а 2.227 станови се во колективни станбени објекти.Евидентно е дека поголем дел од станбениот фонд 59 % припаѓа на категоријата индивидуални објекти, а 41 % на колективните објекти.

5.3. Структура на станбениот фонд

За да се добие реална слика за состојбата на станбениот фонд со анализата се опфатени: начинот на користење (намена) и големината на становите.

а. Станови според начинот на користење (попис 1994 година)

само за живеење	4.382	80,70 %
за живе.и врш. дејност	217	4,00 %
привремено населени	352	6,48 %
напуштени	112	2,06 %
само за врш.дејност	30	0,55 %
за одмор и рекреација	336	6,19 %
за сезонска работа	1	0,02%
вкупно:	5.430	100.00 %

Од податоците е видливо дека најголем број на станови се исклучиво за живеење т.е. 81% додека становите со друга намена се значително помали.

б. Станови според големината (попис 1994 година)

Струга		пос.с.	гарсоњ.	еднос.	двособ.	трисоб.	четвор.	петос.
вкупно	5.430	97	104	216	1.193	1.511	862	1.447
%	100	1,78	1,91	3,97	21,98	27,83	15,88	26,66

Може да се констатира дека структурата на станбениот фонд е поволна имајќи предвид дека доминираат поголеми станови.

5.4. Број на жители, домаќинства и станови

	година	број на домаќ.	просечен бр. ж./дом.	станови
Струга	1971	2.498	4,6 ж./дом	2.498
	1981	3.306	4,4 ж./дом	3.221
	1994	4.189	3,8 ж./дом	5.430
	2002	4.408	3,8 ж./дом	5.649

Анализата на бројот на домакинстава во однос на бројот на станови на ниво на град укажува на постоење на поголем број на станови од број на домакинства.

5.5. Стандард на домување според расположивата површина

Показателите за просечна површина по стан и станбен простор по жител претставуваат значајни индикатори за квалитетот на станбениот стандард.

	просечна површина на стан	просечна повр.на станб. прост. по ж / м2	просечен број на жители на еден стан	просечен број на домаќинства на стан
Струга	88,0 м2	23,16	2,99	0,78

Просечната површина на станбен простор по жител изнесува 23,16 м2 што е поголема од 20 м2 станбена површина по член на семејство што значи висок стандард на домување.

5.6. Просторна разместеност на станбениот фонд

Разместеноста на станбениот фонд по месни заедници во градот е дадена со пописите 1981, 1991 и 1994 година.

Месна заедница	1981		1991		1994	
	број	%	број	%	број	%
реон **I**	653	20.30	1.230	27.70		
реон **II**	853	26.50	1.046	23.50		
реон **III**	1.045	32.40	1.159	26.20		
реон **IV**	670	20.80	1.006	22.60		
вкупно:	3.221	100.00	4.441	100.00	5 430	100.00

Од анализата на распределбата на станбениот фонд по месни заедници се заклучува дека на територијата на реон И изграден е најголем број на станбени објекти.

5.7. Бесправна (непланска) изградба

Бесправно изградени објекти лоцирани се на неколку локации во градот Струга, но најмногубројни се во УЕ-1, во близината на конфекцискатa фабрика "Единство" и во УЕ -4, на улица "Скопска".

Бесправно изградените објекти најчесто се лоцирани на земјиште во приватна сопственост, а истите се објекти од цврста градба, со скелетна конструкција, со употреба на современи материјали и комплетно опремени со инсталации.

Вкупната површина на постојната состојба на градот Струга изнесува 389.35 Ха.

Вкупната површина за домување во постојниот опфат на градот изнесува, за индивидуално домување 134.91 Ха и за колективно домување 18.50 Ха.

Вкупно домувањето изнесува 153.41 Ха или 39.40 % од вкупниот опфат на градот.

Бруто густината на домување - од вкупниот простор на градот:
17 260 жители / 389.35 Ха = 44.33 жители / Ха.
Нето густината на домување - од просторот ангажиран за домување:
17 260жители / 153.41Ха =112.51жители / Ха.

6 Општествен стандард

Опшествениот стандард како комплекс од функции во доменот на општествената надградба произлегува од специфичностите на поднебјето,

културно-историскиот развој, местоположбата на градот во поширокото опкружување, достигнатиот степен на развиеност и опременост со капацитети и општествено прифатени критериуми и стандарди во доменот на : образованието, културата, здравството, социјалните грижи и др. Тој се базира на достигнатото ниво на развојот на кој се надоврзуваме и е во директна корелација со претпоставките за идниот демографски развој, развојот на домувањето и стопанските дејности, како и со влијанието на специфичностите во начинот на живеењето.

6.1. Образование

Образованието на населението се обавува преку системот на образовните установи училишта (за основно , средно , вишо и високо образование).
Од сите наброени степени на образование единствено основното образование , за деца од 7- 14 години е задолжително и бара целосно вклучување на сите деца од оваа возраст, додека пак во останатите степени корисниците се вклучуваат зависно од можностите и желбите.

6.1.1 Основно образование

Училишната мрежа за основно образование во градот Струга ја формираат три основни училишта , во две работни организациии и тоа : ОУ „Јосип Броз Тито“ со еден објект и ОУ „Браќа Миладиновци“ со два објекти.
Состојба 2002 година

училиште	повр. на лок. Ха	корисна повр. м2	година на градба	вид на градба	приклучоци на инфраструкт.	општа сост.на објектот
ОУ “Ј. Б. Тито “	1,82	2 400	1971	тврда	сопств. парно	добра
ОУ “Браќа Миладиновци“ старо	0,43	2 040	1930	тврда		многу лоша
ОУ„Браќа Миладиновци“ ново	1,50	5 726	1974	тврда	сопств. парно	добра
вкупно:	3,75	10 166				

Карактеристики на локациите и објектите - состојба 2002

училиште	број на деца	број на одделенија	бр.на смени	забав.гр. и бр.на д.	број на вработ	идни потрби
ОУ„ЈосипБроз Тито “	од I до VIII 605	20	2		60	фиск. сала
ОУ„Браќа Миладиновци “ старо	од I до IV 382 мак. 392 алб. 36 тур.	16 мак. 13 алб. 2 тур.	2		103	

ОУ„Браќа Миладиновци “ ново	од V до VIII 468 мак. 488 алб. 30 тур. 14 спец.	17 мак. 16 алб. 2 тур. 2 спец.				
вкупно:	2.415	88			163	

Основни училишта - состојба 2002 година

Училиште	бр.на деца	повр. на локација Ха	корисна повр. м2	стандард за П на лок. уч/м2	стандард за кор.повр. уч/м2
ОУ„Јосип Броз Тито “	605	1.82	2.400	30.10	3.97
ОУ„Браќа Миладиновци“ старо	810	0.43	2.040	5.30	2.52
ОУ„Браќа Миладиновци“ ново	1.000	1.50	5.726	15.00	5.73
вкупно:	2.415	3.75	10.166	прос.16.80	прос.4.07

Училиштата се распоредени во два реони - реон I и реон III.

6.1.2 Средно и високо образование

Функцијата средно образование во градот Струга се одвива во два објекти. Едниот е Средното државно училиште кое е со повеќе насоки и тоа: гимназиска, економска, градежна (високоградба и нискоградба), геодетска, гемиско -тегнолошка и текстилна и другиот е Средното приватно училиште.

Карактеристики на локацијата и објектот - состојба 2002 година

училиште	П на лок. Ха	кор. повр. м2	год. на градба	вид на градба	прикл.на инфраст.	општа сос.на обј.
средно државно училиште	4.90	12 900	блок1-1960 блок2-1962 блок3-1970 блок4-1986	тврда градба	има	добра
ср.приват. училиште	0.30	2 421	2001-2004	тврда градба	има	добра
вкупно:	5.20	15 321				

Капацитет - состојба 2002 година

училиште	број на ученици	број на класови	број на смени	бр.на вработени

средно држ.учил.	2 171	73	две	127
ср.приват. училиште	*(2004год.) 66*	*3*	*една*	*20*
вкупно:	2 237	76		*147*

Вкупна површина на состојбата на локаците за средното образование изнесува 5.20 Ха и корисна површина 15 321 м2.

Вкупна површина на состојбата на локациите за образование изнесува 7.06 Ха и корисна површина 25 487 м2.

Во градот Струга постојат институции за високо образование и за наука.

6.2. Здравство

Организацијата на здравствените содржини и објекти се дели на превентивна, куративна и посебна здравствена заштита. Дејноста функционира како мрежа на здравствени објекти која почнува од малите здравствени станици и амбуланти, диспанзери, амбуланти во стопански организации, училишта и медицински центар како куративен систем на заштита.

6.2.1 Медицински центар - болница

Медицинскиот центар е лоциран во средишниот дел на градот по течението на реката Црн Дрим, како оквирна граница од северна страна е ул. Ристо Крле . Овој медицински центар располага со површина на локација од 11 251 м2 и корисна површина од 2 056 м2. Болницата располага со капацитет од 101 легло.

Покрај овој медицински центар во Струга, на брегот на Огридското Езеро на стариот пат Струга - Огрид регионален пат Р-420) лоцирана е специјалистичка болница ЈЗО - Завод за нефрологија која е изградена 1978 година, со површина на локацијата од 14.943 м2 и вкупна изградена површина од 2 777 м2 со капацитет од 105 легла.

6.2.2 Здравствени станици - амбуланти

Амбулантата е во склоп на болницата, таа е во приземен објект од тврда градба. Во градот функционираат и две школски амбуланти, едната е во државното средно училиште (општа медицина и стоматологија) и една во ОУ„ Јосип Броз Тито“. Од поново време постојат повеќе амбуланти во приватна сопственост во оквир на индивидуалните и колективните станбени објекти. Постои и приватна поликлиника на ул. ЈНА, анекс на колективната станбена зграда, приземен објект со општа амбуланта, амбуланта за педијатрија , гинекологија и аптека.

6.2.3 Аптеки

Покрај аптеката која е во состав на Медицински центар - Струга, постојат уште две аптеки кои се во состав на Медицинскиот центар, но тие се наоѓаат во приземјата на постојни објекти. Едната е лоцирана во центарот на самата чаршија, а другата е на самиот плоштад.

Во последниве години се отворени повеќе приватни аптеки од кои дел се сместени во приземјата на постојни објекти и дел во самостојни објекти дистрибуирани низ целиот град.

6.2.4 Ветеринарна станица

Објектот на ветеринарната станица се наоѓа во индустриската зона во атарот на населбата Мороишта на 3.0 км. од центарот на Струга, со површина на локацијата од 2 000 м2 и површина на објектот 300 м2.

Вкупната површина за здравство изнесува 3.82 Ха и вкупно изградена површина изнесува 4 833 м2.

7. Социјална заштита

Центарот за социјална работа, работи врз определбите на програмата за развој на социјалната заштита и законот за социјалната заштита и другите позитивни законски прописи. Динамиката за развојот на социјалната заштита е во непосредна зависност од општествено економскиот развој на општината и интензитетот на социјалните појави и проблеми настанати како последица на општествените движења. Во основа, напорите кои на овој план општеството ги вложува ориентирани се на создавање услови за јакнење на материјалната положба и животниот стандард на корисниците на социјалната заштита.

7.1 Општествена заштита на деца (градинки, јасли, одморалишта)

Предучилишното образование и воспитување на децата претставува една од темелните функции во градењето и развојот на детската личност. На територијата на градот Струга оваа дејност се одвива во три детски установи.

Карактеристики на локациите и објектите - состојба 2002година

име на објектот-установа	повр.на лок. Ха	корисна повр. м2	год. на градба	вид на градба	приклуч. на инфр.	сост.на објектот
Детска установа "Сонце", ул.ЈНА	0.59	1 500	1984	тврда	има	добра
„Пеперутка " ул.Д.Ковачески	0.40	1 260	1978	тврда	има	добра
„Радос. детство" ул. Н.Наумовски	0.20	860	1971	тврда	има	добра
вкупно:	1.19	3 620				

Вкупната површина на локациите изнесува 1.19 Ха овозможува постигнат стандард од 32.03 м2/дете.Постигнатиот стандард е во границите на нормативот 30м2 по дете за комплексот .

7.2 Детски одморалишта

На просторот на градот Струга егзистираат две одморалишта лоцирани на крајбрежниот појас на Огридското Езеро.

- ПОС„ Мајски цвет“ центар за одмор и рекреација на деца и младинци, лоциран во западниот дел од градот на приобалниот простор, северно од ул. „Владо Малески“ изграден е во 1979 година . Современ објект од тврда градба со висина П+2 ката, распространет на локација со површина од 6500м2 и корисна површина од 11 000 м2, располага со 400 лежаи. Јужно од објектот односно од ул.„Владо Малески“ на просторот до плажата сместени се спортски терени за потребите на ова одморалиште .
- Одморалиштето на Црвен крст на Република Македонија се наоѓа на источниот приобален дел на Струга со површина на локацијатаод 10 707м2, располага со 500 легла и користи плажа со должина од 130м1. Објектите се со висина од П до П+1 и дел се бунгалови. Дел од сместувачките капацитети се во објекти од цврста градба, со површина од 900м2 во кои е сместен и ресторан, а останатите сместувачки капацитети се монтажно демонтажни објекти-бунгалови .
- тука се вбројува и извидничкиот дом, во просторот на плажите западно од “СОФКА“.

7.3. Јавна установа -меѓуопштински центар за социјална грижа

Објектот во кој е сместен центарот, е колективна станбена зграда со висина од П+ 4 ката во непосредна близина на градското пазариште во Струга. Во приземјето на објектот се обавува трговска дејност, а на првиот кат е сместена Јавната установа на меѓуопштински центар за социјални грижи и располага со корисна површина од 252 м2. Овој објект е изграден 1980 година

7.4. Дом за стари

Објектот за оваа намена е изграден на локалниот пат Струга -Огрид (Р - 420) до центарот за дијализа и нефрологија на крајбрежниот појас на Огридското Езеро. Бидејќи објектот за оваа намена е недоволно искористен, пренаменет е во готелски капацитет кој располага со 230 легла. Денес во градот опстојува клубот на пензионери во приземјето на деловната зграда на Јавното претпријатие за домување.

7.5. Завод за вработување

Заводот за вработување е сместен во објект од тврда градба изграден 1961 година. Вкупната површина на локацијата изнесува 1 085 м2 и изградена површина од 620 м2. Во овој објект уште се сместени и простории на центарот за стручно оспособување.

7.6. Пензиско и инвалидско осигурување

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување заедно со фондот за здравство е сместен во деловна зграда со висина од П+2 ката во централното градско јадро на Струга на самиот плоштад. Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќа површина на локацијата од 153 м2 и корисна површина од 450 м2.

7.7. Центар за помош на лица со ментален гендикеп

Оваа институција е сместена во приземјето на колективна станбена зграда која се наоѓа на локалниот пат Струга-Калишта (Р-420) и располага со површина од 83 м2.

Вкупна површина за социјална заштита изнесува 4.71 Ха и вкупно корисна површина изнесува 17 307 м2.

8. Култура

8.1. Културно воспитен карактер

Културата и уметноста функционираат како дејности со забавен и културно воспитен карактер .

Во областа на културата во градот Струга егзистираат:

- Дом на култура
- Музеј Д-р.Никола Незлобински
- Спомен куќа на Браќата Миладиновци
- Меморијална спомен куќа на Вангел Коџоман-галерија
- Спомен соба на Владо Малески

Култура - биланси на површините

содржина	локација Ха	изградена површина м2
1. Дом на култура	0.53	4 125
2.Музеи	0.09	600
вкупно:	0.62 Ха	4 725

Вкупна површина за култура изнесува 0.62 Ха и вкупно корисна површина изнесува 4 725 м2.

8.2. Дуговна култура

Дуговната култура како дел од општата човекова култура има и свои потреби од простор во рамките на градското ткиво покрај веќе ангажираните површини.

Храмовите посветени на дуговната култура без оглед на вероисповеста што во нив се проповеда, располагаат со исклучително квалитетни простори во кои создале сопствена, специфична атмосфера.

Верските објекти претставуваат места каде граѓаните ги остваруваат своите религиозни и обредни ритуали, во зависност на која религиозна група припаѓаат . Во градот Струга регистрирани се следните верски објекти :

- Православниот грам "Св.Ѓорѓија" се наоѓа во централното градско подрачје веднаш до градското пазариште, е со површина на локација од
  3 460м2 и објект од 200 м2.

- Православниот грам "Св. Никола" се наоѓа непосредно до Домот на културата во градскиот парк, со површина на локација од 20 м2 и објект од 20 м2.
- Православниот грам "Св. Димитрија" на ул. "Маршал Тито" непосредно до градското пазариште, со површина на локација од 16 м2 и објект од16 м2.
- Православниот грам "Св. Петка" на ул. "Ристо Крле" се наоѓа непосредно до Медицинскиот центар, со површина на локација од 300 м2 и објект од 18 м2.
- Џамијата во централното градско подрачје веднаш зад градското собрание, со површина на локација од 964 м2 и објект од 233 м2.
- Џамијата во централното градско подрачје веднаш зад ОВР Струга, со површина на локацијата од 332 м2 и површина под објект 220 м2.

Вкупната површина за дуговна култура изнесува 0.47 Ха и вкупно изградена површина 707 м2.

Вкупната површина за општествениот стандард изнесува 16.68 Ха или 4.28% од вкупниот опфат на градот и вкупната изградена површина изнесува 50 642м2.

9. Државна управа и правосудство, локална самоуправа

Површина ангажирана за држ. управа, правосудството и лок.самоуправа

функија	површина на парцелите Ха	изградена попршина м2
Државна управа	2.88	12 804
Правосудство	0.16	2 260
Локална самоуправа	0.22	2 522
Вкупно	3.26	17 586

Вкупно површина за државна управа, правосудство и локална самоуправа изнесува 3.26 Ха или 0.84 % и корисна површина 17 586 м2.

10. Стопанство

Вкупно ангажираната површина за стопанството изнесува:
Примарен сектор

13.91 Ха

Секундарен сектор

41.55 Ха

Терцијарен сектор

16.20 Ха

Вкупно:

71. 66 Ха

Во оваа површина не се земени во предвид површините за пазар,терминал-царина, туризам-готели и гробишта-православни и муслимански.
Вкупна површина за стопанството изнесува:

71.66 Ха

Пазар

0.56 Ха

Терминал-царина

1.71 Ха

Туризам-готели

3.03 Ха

Гробишта-православни и муслимански

11.76 Ха

Вкупно:

88.72 Ха

Вкупна површина за состојбата на стопанството изнесува 88.72 Ха или 22.79 % од вкупната површина на градот.

11. Зеленило , спорт и рекреација

11.1 Зеленило

Зеленилото во структурата на градскиот организам претставува важна компонента за зачувување и унапредување на животната средина. покрај заштитната, естетско-декоративната, рекреативната и социјално-психолошката улога која ја има.

Биланси на зелените површини :

вид на зелени површини	површина Ха
Уредено јавно зеленило	11.81
Заштитно зеленило	3.97
Неангажирани повр. -земјоделски повр. во рамките на градот	65.63

Вкупно:81.41 Ха

Просечната површина на зеленило сметано по жител на градот Струга, вообичаениот параметар за квалитетот на животната средина , изнесува:
814 100 м2 : 17 260 = 47.17 м2/жител.
Со оваа просечна површина градот се вбројува во редот на градовите најбогати со зеленило, но структурата на зелените површини не е многу поволна зашто во вкупните зелени површини учеството на јавните, уредени површини изнесува нецели 13.20 %.

11.2 Спорт - спортски терени и спортски објекти

Вкупна површина за спортски терени изнесува 49 300 м2 или 4.93 Ха.

Вкупна површина за спортски објекти од јавен карактер изнесува 7 300 м2 или 0.73 Ха.

Вкупна површина за спорт (терени и објекти) изнесува 56 600 м2 или 5.66 Ха.

12. КУЛТУРНО -ИСТОРИСКИ СПОМЕНИЦИ, ГРАДИТЕЛСКО НАСЛЕДСТВО

12.1. Материјални докази

Во подрачјето на Огридското Езеро и во неговата поблиска или подалечна околина, напластени се трагови од материјалната култура стара повеќе од 3 500 години.На Струшкото подрачје животот течел со милениуми, оставајќи длабоки и неизбришливи траги. Тука се менувале цивилизации и господари, се мешале култури и традиции. Во дамнина овој крајезерски регион бил населен од племето Десарети, и се смета дека тие го основале античкиот град Енгалон, на местото од денешна Струга. Со освојувањата на Филип Македонски ова подрачје влегува во составот на македонската држава се до покорувањето на македонската античка држава од Римјаните. Потоа останува во составот на Византија . Населувајќи ги овие простори, Словените му го дале денешното име на градот Струга.

Следејќи го континуитетот на историскиот развиток на ова подрачје, се сретнуваат споменици од следните епоги:

1. Доцен неолит и рано бронзено време - остатоците се откриени крај течението на Црн Дрим, недалеку од денешна Струга. Устие на Дрим - населба од неолитското и енеолитското време. При изградбата односно проширувањето на коритото на Црн Дрим во 1961 година, кај истекот на Црн Дрим од Огридското Езеро е откриена населба со наколни живеалишта. Заедно со остатоците од столбовите - носачи на дрвената платформа, се пронајдени голем број аргеолошки предмети, и тоа фрагменти од керамички садови, секири од камен, ножеви и стрели од кремен, како и гарпуни и шила од еленски рогови. Според типолошките карактеристики на наодите, особено на керамиката, се работи за остатоци од рибарска населба од крајот на доцниот неолит, во која се присутни влијанија од доцнонеолитските култури од јужната зона на јадранскиот брег. Наодите се чуваат во народниот музеј во Струга, во Музејот во Огрид и во многу приватни збирки.
2. Период на илирска цивилизација - кога подрачјето на Огрид и Струга било населено со Илирското племе Десарети .
3. Хелинистичка култура - во овој регион навлегува кон IIIвек пред нашата ера, кога Филип Македонски ги победил Десаретите и ги освоил четирите града на Легтонското Езеро.

Струга - населба и некропола од гелинистичкото и римското време и средниот век . Со изградбата на станбени објекти, улици, водовод и друго, на подрачјето на градот се откриени многубројни аргеолошки наоди.

На околу 50 м од десната страна на реката Црн Дрим, при копањето на темели за изградба на самопослуга се откриени повеќе гробови од гелинистичкото време .

Дупен Камен - некропола од гелинистичкото време .На западниот крај на местото на поранешната железничка станица , покрај патот Струга-Елбасан, во 1955 година, при поставувањето на водоводни цевки биле откриени неколку гелинистички гробови.

4. Римската цивилизација - почнува со заземање на Лигнидос од страна на Римјаните во 146 година пред нашата ера. Во овој период отпочнува урбанизирањето на Лигнидос и градбата на главната сообраќајница на стариот свет ВИА ИГНАЦИЈА која минува од Дирагион, преку Лигнидос и Хераклеа за Тесалоника .

Во непосредната близина на црквата Св. Ѓорѓија, при копање на водовод биле откриени гробови од римското време. Јужно од истата во правецот на езерото биле откриени и темели од сакрална градба со фрескоживопис .

Во црквата Св.Ѓорѓија се чуваат милјоказ од мермер и мермерна плоча со претстава на маж, жена и дете во едикулата.

5. Култура од периодот на гристијанизирањето на Словените и македонската државност - овој период претставува време на подигање на првите словенски гристијански светилишта. Во време на средновековната држава на цар Самоил, ова подрачје било во состав на нејзиниот централен дел со престолнина Огрид.

Присутно е влијанието на македонските просветители Свети Климент и Свети Наум, огридските светители за чие време дел од Универзитетот се наоѓал и во Струга.

Од периодот на делувањето на Климент Огридски во Струга, сочувани се драгоцени споменици на културата - црквите Св.Никола Дримски и Св. Ѓорѓија . Црквата Св. Ѓорѓија за прв пат се споменува во изворите од крајот на XI век, но со сигурност се знае дека не е подигната во тој период. За нејзиното подигање може да се донесат заклучоци врз база на иконите сочувани во денешната црква, а кои се претпоставува дека потекнуваат од XV,XVI и XVII век. Според најпознатата икона која го претставува патронот на црквата , се претпоставува дека црквата е од XII век и е посветена на Св.Ѓорѓија. Сегашниот објект црквата Св. Ѓорѓија е подигната во 1835 година, а во аргитектонски и сликарски поглед спаѓа во најмонументалните преродбенски градби во новата македонска уметност.

Црквата Св. Никола Дримски до sидањето на сегашната црква, во четвртата деценија од XX век била позната само по преданија. При зидањето на сегашната, откриени се темели на стара црква чија обнова претставува постојниот објект .

И двете цркви не се ставени под посебен режим на заштита, освен една икона во црквата Св. Ѓорѓија“ (I степен на заштита).

6. Исламски период - во текот на долгиот период на турското владеење (од 1400-1912год.) создадени се низа објекти во Огридско - Струшкиот регион, меѓутоа мал број од нив се сочувани. Од турскиот период во Струга е сочуван само еден амам, кој иако со мали димензии ги има сите карактеристики на амамите подигнати во Македонија.

7. Период на граѓанската класа и преродба - претставува значајна културна етапа која се протега низ XVII, XVIII XIX век. Во овој период формирани се некои урбани целини на денешна Струга, изградени се црквите

од таканаречениот преродбенски тип со sидно сликарство и иконопис на Дебарската уметничка школа и формиран е типот на старата градска куќа во Македонија. Значајна компонента на културно - историското наследство е градската аргитектура од XIX век. За Струга е карактеристична концентрацијата на овој вид објекти во централното градско подрачје, со што е оформена зона на објекти под заштита. Како споменици на културата се регистрирани 16 објекти, а поголем дел од објектите во оваа зона, поради неодржување и старост го изгубиле својството на споменик.

Културно историските споменици во градот не се доволно валоризирани и заштитени, но добиваат посебен третман при урбанистичките зафати.

8.Илинденски период - жителите од овој крај земале учество и во ослободителните војни што македонскиот народ ги водел во 20 век. За време на Илинденското востание најжестоки војни се воделе во село Ташмаруништа, каде денес се издига монументален "Споменик на двата Илиндена".

9. Споменици од НОБ -периодот на НОБ одбележан е со поголем број споменици и спомен обележја од кои позначајни се :

-одржување на првата партиска конференција во Струга;
-одржување на конститутивниот состанок на Месниот комитет на КПЈ;
-формирање на првиот Месен комитет на СКОЈ;
-одбележување на демонстрациите во Струга од 25.12.1942 година ;
-спомен чешма во Мислешево;
-споменик на револуцијата на плоштадот во центарот на градот ;

12.2 Валоризација на спомениците

Валоризацијата на споменичниот фонд од аспект на нивното ревитализирање и вклучување во комерцијално експлоатирање налага нивното разврстување во неколку категории:

- атрактивни споменици од сакрален или профан карактер кои со своето извонредно уметничко значение, диспозицијата во просторот и амбиенталната вредност можат да бидат подвргнати на културната експлоатација од масовен вид: големи драмски и музички манифестации, фестивали, политички и други собири ;

- споменици од сакрален карактер, документациони и музејски трезори кои поради својата исклучителна споменичка вреност имаат национално научно значение, но не овозможуваат пренамена ниту трпат поголема фреквенција на посетители;

- споменици што можат да добијат потполна или делумна комерцијална функција, пред се во сферата на угостителството и туризмот;

- споменици од сакрален, фортификациски и аргеолошки карактер кои ја задржуваат својата споменична функција, но поради нивниот атрактивен изглед и амбиентален значај во екстериерот со научно изведени конзерваторски интервенции можат да добијат и нова функција;

- во категоријата на останати споменици се вбројуваат аргеолошките локалитети, некои преродбенски цркви и исламски споменици кои ќе се одбележат заради стекнување увид во листата на спомениците на подрачјето;

12.3 Препораки за заштита

Спецификата на ова подрачје се огледа во доминацијата на сакрални споменици од кои голем број завземаат угледно место во историјата на културата на европскиот среден век. Целиот Огридско-Преспански регион покриен е со најгуста мрежа на аргитектонско-сликарски споменици на Балканот што е последица на моќноста на Огридската аргиепископија и погодноста за контемплативен живот на манастирските братства и пустиножителите крај бреговите на двете езера.

- во контекстот на Генералниот урбанистички план конзерваторските интервенции врз спомениците немаат само строго "споменичен" карактер, туку се прошируваат на нивното комплетно осмислување во просторот врз основа на дефинирани теоретски принципи.

- ревитализацијата на историските комплекси и следењето на современите, актуелни содржини во нив налага претпазливост при пробивањето на патната мрежа, а при градбата на нови објекти усогласување со агломерациите, громатската фактура, пластиката, пејсажот и другите панорамски особености на старите амбиенти;

- интервенциите во екстериерот и поширокиот простор на сакралните споменици ситуирани вон од градските средини треба да се усогласуваат со нивната примарна намена и стилска особеност при што новите содржини во просторот добиваат посебно значение;

- инвестирањето во конзервацијата и ископувањето на аргеолошките локалитети треба да се третира како дел , фаза на оплеменувањето на просторот и специфична надградба на туристичкото стопанство;

- заштитата и одржувањето на историските амбиенти да нема карактер на музејско презентирање;

- профаните споменици чија функција со тек на времето е деградирана можат да добијат нова содржина која ќе произлезе од нивниот карактер и функционална прилагодливост;

13 СООБРАЌАЈ И СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

13.1. Сообраќајна поврзаност

Општината Струга лоцирана е во крајниот југозападен дел од Републиката. Го зафаќа западниот дел од басенот на Огридско - Струшката котлина. Се

граничи од исток со општина Огрид и Мешеишта, од запад со соседна Република Албанија, од север со општините Вевчани, Велешта и Делогожда и од југ со Огридското Езеро.

Градот Струга е лоциран на две води. Изграден е на северозападниот брег на Огридското Езеро и бреговите по течението на реката Црн Дрим.

Геосообраќајната положба на градот Струга може да се оцени како многу поволна под претпоставка да се реализираат поставките на просторниот план на Република Македонија во поглед на сообраќајниот коридор Исток-Запад (Коридор 8), кој минува низ територијата на Р. Македонија, како дел од транспортниот коридор што минува низ територииите на Р. Бугарија, Р. Македонија и Р. Албанија.

Сегашната состојба на мрежата на магистралните патишта во Струшкиот регион и во неговото пошироко поврзување е следната:
Магистралниот пат М-4 со кој регионот се поврзува со северниот дел на Републиката влегува во регионот кај населеното место Мешеишта, а кај населеното место Подмоље се дели на два крака од кој западниот ја задржува истата ознака и како М-4 води кон Струга и границата со Р. Албанија (граничен премин Ќафасан).

Од крстосницата Подмоље магистралниот пат ја добива ознаката М-5 и води кон Огрид -Ресен -Битола -Прилеп-крстосница Отовница -Штип -Кочани -Делчево- граница со Р.Бугарија, со крај Битола - крстосница Кукуречани-граница со Р. Грција (Меџитлија).

Според ова може да се заклучи дека струшкиот регион преку мрежата на магистрални патишта е добро поврзан со сите делови на Републиката како и со сите влезно - излезни правци од неа.

Регионалните патишта како втори по ранг патни сообраќајници присутни се во регионот и имаат многу значајна улога во деловите на регионот со туристичка дејност.

Регионалниот пат Р-420 од Радожда преку Струга и Подмоље води до Огрид обезбедувајќи квалитетна сообраќајна поврзаност на западниот и северниот дел од огридската ривиера со магистралните патни правци. Врската на Огридско - Струшкиот со Дебарско - Мавровскиот регион обезбедена е со регионалниот пат Р-418 (Струга - Дебар), а од тука со Р- 409 до Маврови анови и со Р- 413 до туристичките комплекси во Мавровo и Бунец.

Третата категорија на категоризирани патишта се локални патишта кои се во надлежност на општината.

Со ова патна мрежа се поврзани сите соседни населени места со општина Струга, соседните општини Вевчани, Лабуништа, Делогожда, Луково, Косел, Мешишта, Белчишта, кои се поврзани и меѓусебно.

Останатите патишта кои се влеваат во уличната мрежа на Струга спаѓаат во категорија на : полски, шумски или пристапни патишта до оделни комплекси.

13.2. Сообраќаен систем

Сообраќајниот систем на градот утврден е согласно потребата од сепарирање на транзитниот моторен сообраќај и неговото ефикасно

спроведување низ градот од моторниот сообраќај чија крајна дестинација е самиот град и неговото воведување во градот и понатамошна дистрибуција. Во таа смисла во постојниот ГУП определена е и гиераргиската поделба на улиците:

- магистралните улици директно се надоврзуваат на главните пристапни патишта - магистрални и регионални, го водат транзитниот сообраќај низ градот, а дестинираниот сообраќај го дистрибуираат во уличната мрежа од понизок ранг;
- собирните улици се вкрстуваат со магистралните, го преземаат моторниот сообраќај од нив и го дистрибуираат до улиците од понизок ранг, односно до секундарната улична мрежа;

Магистралните и собирните улици ја сочинуваат примарната улична мрежа која се третира во ГУП, а сите останали улици од секундарната мрежа ке бидат предмет на разработка на деталните урбанистички планови кои ќе следат по донесувањето на ГУП.

Во рамките на ГУП Струга се анализира основната сообраќајна (улична) мрежа, која според законот за јавни патишта се состои од следните категории:

- примарна улична мрежа (магистрални и собирни улици) и секундарна улична мрежа (станбени и сервисни улици и станбени пристапи).

Со ОУП на град Струга (1990-2001година) применета е следната категоризација на основната улижна мрежа:

I степен - артеријални (магистрални) улици

II степен - колекторски (собирни) улици

III степен - станбени улици

Постојната примарна улична мрежа анализирана е врз основа на постојните геодетски подлоги изработени во 1990 година, рекогносцирање и детален увид на терен. Притоа е констатирано дека во добар дел истата е реализирана, но со недостатоци кои се однесуваат на:

а. Примарната мрежа не е целосно оформена по целата должина. Одделни делници не се пробиени и оформени, улиците "Маркс и Енгелс", дел од "Туристичка", како и новопроектираните колекторски улици 1, 2, 3, и 4.

б. Добар дел од примарната улична мрежа има неоформен попречен профил т.е. недоволна ширина на коловоз и неизградени тротоари и велосипедски патеки.

в. Во поглед на состојбата на коловозната конструкција, која во најголем дел е современа и асвалтирана, потребно е во планскиот период да се изврши регабилитација (надградба), а на деловите каде уличната мрежа има земјан коловоз, потребна е изградба на целосна коловозна конструкција која ќе биде димензионирана преку главните и изведбените проекти.

Вкупната должина на постојната реализирана примарна улична мрежа (асвалтирани и земјани улици и тротоари) изнесува 28 555 м1, вкупната површина 242 200 м2 или 24.22 Ха, пешачки зони 22 200 м2 или 2.22 Ха. Делумно реализирана примарна улична мрежа (една коловозна лента -

улицата "Туристичка") изнесува 1 200м1. Дел трасирана примарна улична мрежа (Новопроектирана источна колекторска) изнесува 250 м1. Линиското зеленило и дрворедите се со вкупна должина од 10 200 м1. Повеќето од улиците од примарната мрежа се со современ коловоз. Вкрстосувањето е решено во едно ниво со сигнални уреди на поважните крстосници.

Посебно место во пешачкиот сообраќај е пешачката зона во строгиот центар на градот, дел од улицата "М. Тито" и градскиот плоштад.

Вкупна површина на пешачката зона изнесува 2.22 Ха .
Вкупна површина за јавни паркиралишта изнесува 0.96 Ха.
Вкупна површина за автобуска станица изнесува 0.28 Ха.
Вкупна површина за бензински пумпи изнесува 0.71 Ха.
Во градот не постои систем на јавен градски сообраќај(ЈГС).

Површини ангажирани за сообраќај

Примарна улична мрежа	28.22 Ха
Пешачки зони	2.22 Ха
Јавни паркиралиштата	0.96 Ха
Автобуска станица	0.28 Ха
Бензински пумпи	0.71 Ха
Вкупно:	32.39 Ха

Вкупна површина за сообраќај изнесува 32.39 Ха.

Вкупна површина за водотеци (реките Ц. Дрим и М. Дрим) 5.43 Ха.

Вкупна површина за сообраќај и водотеци изнесува 37.82 Ха или 9.71 % од вкупната површина на градот.

13.3. Воден сообраќај

Водениот сообраќај по Огридското Езеро е слабо развиен и тоа единствено во функција на туризмот,во делот што и припаѓа на Р. Македонија.
Пловните објекти и пристаништа се дотрајани а за нивното идно активирање потребна е целосна реконструкција на пристаништата и замена на пловните објекти со нови видови кои не ја загрозуваат чистата езерска вода.

Во регистарот на пловни објекти во Капетанија Огрид за градот Струга, заклучно со месец септември 2001год.впишани се:

- 277 пловни објекти со вонбродски мотор, од плег и дрво, тип пасара
- 3 пловни објекти со вграден бродски мотор

За водени сообраќај по реката Црн Дрим не постојат никакви услови.

13.4. Воздушен сообраќај

Потребите за воздушен сообраќај на населението и стопанството на Струга се остваруваат преку аеродромот Огрид, кој е одалечен на само 9.0 км.
Овој аеродром тегнички и функционално е приспособен за прием на сите видови авиони, а неговиот капацитет е далеку над денешната искористеност.
Истиот го користат и патниците од целиот југо-западен регион на Република.

14. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И СУПРАСТРУКТУРА

Комуналните дејности како сервис на граѓаните за задоволување на нивните потреби, играат важна улога во севкупните активности кои се одвиваат во урбаните средини.

Од сверата на овие дејности на ниво на град Струга застапени се следните содржини :

14.1 *Водоснабдителен систем*

Градот Струга и населените места од околината околу 20 со вода се снабдуваат од централен водоснабдителенсистем кој зафаќа вода од постојните извори и тоа:

извори во Шум со капацитет од 120 лит./сек.
Извори во Радолишта со капацитет од 20 л./сек.
Извори од Радожда со капацитет од 4 л./сек.
Извори во Ливадишта со капацитет од 10 л./сек.

Во моментов водоснабдувањето е во граници во нормални услови, но голем недостиг се јавува во летните месеци.

Поради сложеноста на водоснабдувањето и ексклузивноста на просторот Владата на Германија преку своја донација во проектот Струга и Огрид водовоснабдителен проект ги решава основните недостатоци во водоснабдителниот проект со следни мерки - зафаќање на нови извори, изведба на дополнителни резервоарски простори замена на дел од азбест цементните цевоводи и изведба на нови цевоводи. Мерките од овој проект ќе ги анализираме во планираната состојба.

Како и во претгодниот основен урбанистички план така и во овој е усвоена водоснабдителна норма од 300 лит./ден./жител.

Постојната водоводна мрежа има должина од околу 25 км. со профили од 63 до 200 мм, градот е заштитен со десетина постојни пожарни гидранти.

Расположивиот резервуарски простор кој се користи е оној во Шум со запремина од 600 м3.

Максималната потрошувачка према мерењата инзесува љ маг/ден = 110 л.

Главен недостаток на системот се ограничената издашност на изворите што предизвикува недостиг на вода, недостигот на резервоарски простор,

дотраеност на цевоводите од што се губи големо количество на вода, немање на доволни долижни од позначајни профили.

14.2 Канализационен систем

Зафаќањето, одводот и пречистувањето на отпадните води е решено делумно со системот за заштита на Огридско Езеро од кој во Струга егзистира: Регионален колектор Ф 1200 на кој градот е приклучен преку собирниот градски колектор кој се состои од два кракаФ 600 на двата дела од градот на кого се надоврзува мрежата од понизок ред, како дополнение се двата нови приклучоци на собирна улица С2 во УБ 28 и 27 и на западниот дел во УБ 48. Индустриските отпадни води се зафаќаат во претгодно спомнатите цевоводи но со контрола да во нив не се испуштаат гемиски активни отпадни води кои би го нарушиле биолошкиот процес во пречистителната станица.

Материјалот од кој се изведени мрежите е разновиден и тоа бетонски, азбест цементни, ПВЦ цевоводи и во последно време и НДП цевоводи.

14.3 Површински водотеци

Како реципиенти за зафаќање на атмосверските води се Огридското Езеро, Црни Дрим, Мали Дрим, Калишки канал и Мишлешевски канал.

Како и фекалната и атмосверската канализација се состои од два система на двата краја од градот на западниот дел егзистира системот на ул. Димче Ковачески кој гравитира дел на Калишки канал дел на Црни Дрим, системот на ул. Моша Пијаде и Горги Петрески во Мали Дрим. На источниот дел од градот егзистира системот по ул. Маркс Енгелс кој преку Мислешевски канал оди во Црни Дрим.

Меродавен дожд на кој се димензионира мрежата е 110 л./сек.Ха, а одводнително количество е 35 л./сек./Ха добиено со анализа на површините во градот.

15. ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ СИСТЕМ

Производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија на територија на градот и општината Струга обавува ЈП "Електростопанство на РМ", Подружница "Електродистрибуција" Струга.

Електроенергетскиот систем функционира на севкупната територија на Државата како единствен систем. Во општинските граници електроенергетскиот систем на урбаниот центар за кој се изработува ГУП не може стриктно да се издвои од системот на севкупната општинска територија. Согласно на тоа, превземеното истражување едновремено се однесува на територијата на градот и општината.

а) Потрошувачка на електрична енергија во општина Струга

Реонот на Струга во електро енергетскиот систем на Македонија е приклучен преку трафостаницата Струга 110/35/20) 10 КВ, 1 г 40 МВА и 1г20 МВА. Градот Струга и околните населени места се снабдуваат со електрична енергија од трафостаниците

- ТС 110/35/(20) 10 КВ со инсталирана моќност од 40 МВА.
- ТС 35/10 КВ - Лескајца
- ХЕЦ Глобочица
- ХЕЦ Песочан

Според податоците добиени од ЈП "Електростопанство" на Македонија подружница "Електродистрибуција" Струга во изм,инатите години перманентно сезголемува количеството на превземената електрична енергија од системот на Македонија.

Потрошувачка на електрична енергија за изминатите години во ГЊг

Год.	Преземена ел.енергија ГЊг	Предадена ел.енергија ГЊг	Загуби ГЊг	Потрошувачи висок напон ГЊг	Потрошувачи низок напон ГЊг
1980	46,48	39,24	7,24	13,72	25,53
1985	57,29	50,00	7,29	14,66	35,30
1995	113,79	97,39	16,40	15,56	81,50
2000	138,05	111,11	26,93	14,95	95,90

Потрошувачката на електрична енергија по категории на потрошувачи во општина Струга во 2000 година во однос на 1980 година е следна:

- превземената електерична енергија е поголема за 2,9 пати
- продадената електрична енергија е поголема за 2,8 пати
- потрошувачка на висок напон е поголема за 1 пат
- потрошувачката на низок напон е поголема за 3,7 пати

Потрошувачката кај директните (индустриски) потрошувачи во анализираните години опаѓа (иако бројот на регистрираните потрошувачи расте), за разлика од потрошувачката во домаќинствата и кај останатите потрошувачи која што се зголемува.

Најголемо покачување регистрирано е кај останатата 0,4 КВ потрошувачка како резултат на зголемен број капацитети.

Во терцијарниот сектор (локали, продавници, дуќани и сл.) Зголемена е и потрошувачката во домаќинствата заради зголемена примена на електричната енергија за загревање на станбените и деловните простории.

Годишна потрошувачка на електрична енергија во општина - Струга

Годишна потрош.	Единица	1981	1991	1994	2000
Вкупно:	GWh	38,14	75,97	91,57	110,85
-по домаќинство	GWh/дом.	2577	3705	4466	5039
-по жител	GWh/жител	859	1235	1488	1679

Годишната потрошувачка на електрична енергија на домаќинство во 2000 година во однос на 1981 година бележи пораст од 1,95 пати.

б) Максимални и инсталирани моќности во општина Струга

Состојбата со регистрираните максимални моќности во ТС 110/35 (20)/10 КВ и ТС 35/10 КВ мерено на 10 КВ -ната страна покажува дека потребата на ангажирани моќности во регионот пермаментно се зголемува.

Максимална моќност во дистрибутивниот реон

Година	1985	1990	1991	1995	2000
Максимална моќност (МВА)	16,63	17,36	18,10	27,28	34,66

Во 2000 година во споредба со 1985 година максималните моќности во оштина Струга пораснале за 2,08 пати.

Максималната моќност на 110 КВ-ата страна во ТС изнесува 32,93 МЊ.

Процент на учество на дистрибутивните ТС во инсталирани моќности на 10 КВ трафостаници е 62,5%

Процент на учество на директните потрошувачи нема.

в) Електроенергетска мрежа

Преглед на надземна и кабловска мрежа од сите напонски нивоа

Напон. ниво (КВ)	Должина (км)		Вкупно	
	кабли	надзем.водови	км	(%)
0,4	13,103	147.530	160.723	32,7
10 (6)	9,919	156.963	165.882	34
20	20.049	-	20.049	4
35	1.684	46.055	47.739	9,7
110	-	-	-	-
јавно осветл.	4.870	91.357	96.227	19,6
Вкупно:	49.715	441.965	491.620	100

Преглед на бројот и типот на трансформаторски станици

Трансформација	Број на ТС	Снага (МВА)	Сопственост
110/35	-		
110/35/10	1	60,0	
110/20	-		
110/20/10	-		
110/10	-		
35/10	4	28,0	Ел.дистрибуција
35/10	1	4,0	потрошувачи
35/6	1	1,6	потрошувачи
20/0,4	-		
10/0,4	190	40,87	Ел.дистрибуција
10/0,4	11	3,15	потрошув.дистр.израб.
10/0,4	74	20,82	
Вкупно:	282	158.44	

Преглед на ТС 10/0,4 КВ според типот и инсталираната моќност

тип	С инст. 50 КВА	С.инст. 10 КВА	С.инст. 160 КВА	С.инст. 250 КВА	С.инст. 400 КВА	С.инст. 630 КВА	С.инст. 1000 КВА
столбна реш.	24	15	48	5			
портална р.							
столбна бет.	3	11	16	5			
бетонска			1	1		1	
sидана		1	2	8	12	16	10
адаптирана					2	1	
кула		4	1	1			
блиндирана		4		16	17	2	1
полиестерска			1		1		
дрвени	19	12	11	3			
вкупно	46	47	80	39	32	20	11

г) Електродистрибутивна мрежа

Физичката состојба на дистрибтивната електрична мрежа може да се оцени од годината на влегување во погон на трафостаниците и водовите. Поголем број од сите 10/0,4 КВ трафостаници сопственост на Електродистрибуција Струга се постари од 20 години. Состојбата е слична и со далноводите кои се градени во 1960, 1967, 1978, 1984 и 1991 година.

Ниско напонската електрична мрежа почната е со градба 1952 година, а во 60-тите години продолжено е со поинтензивна градба. Овие мрежи се веќе амортизирани и ќе ги задоволуваат барањата за моќност и енергија. Кабловската ниско напонска мрежа поинтензивно се гради во 80-тите години.

Комуникациски системи

Телефонска мрежа

Инсталираната матична централа која ја сочинуваат две телефонски централи и тоа Метаконта МЦ-10 од електронски тип со капацитет од 6096/4048 аналогни приклучоци и Алкател Е 10 со капацитет 5984 дигитални телефонски приклучоци во општинскиот центар ја опслужува севкупната територија на Општината.

На ова подрачје постои вкупно изградена (монтирана) телефонска мрежа со капацитет од 6680 ТФ парици. Од нив искористени се 4866 тф. парици. Инсталирани се вкупно 7764 ТФ броеви од кои 623 аналогни единечни приклучоци, 3227 аналогни двојнички приклучоци, 3871 дигитален единечен приклучок и 43 ИСДН приклучоци. Во прилог ги доставуваме капацитетите на мрежата, инсталирани аналогни и инсталирани дигитиални приклучоци.

РСУ/КАТЦ	Тф. мрежа (пар.)	Аналогни прикл.	Дигитални прикл.
Велешта	2600 г 2	102	1104
Лабуништа	2400 г 2	0	1281

Делогожда	3000 г 2	0	1772
Вевчани	1000 г 2	289	585
Радолишта	1700 г 2	492	808
Октиси	1800 г 2	0	748

Преносничката поврзаност на ЈП Струга со истурените степени како и со меѓународниот и транзитниот центар Скопје е дадена на слика 1. Притоа напоменуваме дека сите сифри претставуваат инсталирани капацитети.

Црните кругови се старите аналогни централи од типо ИСКРА 500 додека трапезите се новите Алкател истурени степени. Еден PCM канал означува врска од 30 канали.

Сите податоци добиени се од ЈП Македонски телекомуникации Р.Е. за ТТ дејност - Струга.

16. ДРУГИ КОМУНАЛНИ СИСТЕМИ

Гробишта

Православните гробишта се лоцирани во западниот дел од градот, непосредно до магистралниот пат М-4 (Струга-Ќафасан) со главен пристап од ул."М.Тито".

Локацијата за овие гробишта е предвидена со претгодните планови и е во функција од поодамна.

За потребите на гробиштата, од јужната страна непосредно до ул."М.Тито" и со влез од истата, организиран е паркинг простор.

Во состав на гробиштата, во тек е изградба на црква и капела.

Просторот кој денес е ангажиран за гробиштаизнесува околу 9.87 Ха.

Со гробиштата стопанисува ЈП " Комунално " - Струга, кое за свои потреби во непосредна близина на просторот за гробишта има обработливо земјиште за расадник и оранжерии за одгледување на цвеќе, со вкупна површина од 1,5 Ха, од кои 500 м2 под стаклености.

Треба да се напомене дека ангажираната површина за гробишта, уште со претгодните планови, била наменета за потребите на православното и муслиманското население. Денес ги користи само православното население, додека муслиманското население се уште ја користи старата локација.

Муслиманските гробишта се лоцирани во југоисточниот дел од градот, на потегот помеѓу улиците "Партизанска" и "ЈНА ".

Просторот на кој што се лоцирани гробиштата изнесува околу 1.89 Ха.

Согласно ОУП за Струга, муслиманските гробишта се дислоцирани ,а тој простор е третиран како зона на зеленило, спорт и рекреација.

Вкупната површина на локациите за гробиштата изнесува 11.76 Ха.

Депонии за цврст отпад (комунален цврст отпад)

На ниво на градот ЈП "Комунално" организирано го прибира цврстиот отпад на повеќе пунктови дислоцирани во градот.

Годишното количество на прибран цврст отпад на ниво на град изнесува околу

41 500 м3 (податок добиен од ЈП "Комунално"), што за понатамошните анализи ќе биде еден од факторите за изборот и големината на локацијата за депонирање на цврстиот отпад.

Депонирањето на цврстиот отпад е на времена локација надвор од градот, на оддалеченост од околу 13км, према граничниот премин Ќафасан.

Ангажираниот простор за депонирање на цврстиот отпад како времена локација изнесува околу 1,0 Ха.

17. ОПШТИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА СОСТОЈБАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Животната средина третирана како сложен и динамички систем во чија градба или разградба активно, директно или индиректно учествува секој негов елемент перманентно е изложена на влијанија од процесите кои се случуваат во глобалната или непосредната средина.

Доминантни фактори кои влијаат на квалитетот и одржливоста на животната средина се :

- населувањето на просторот
- урбанизацијата
- производните процеси
- индустријализацијата
- земјоделието
- користењето на природните ресурси
- разместеност на инфраструктурните коридори
- одржливо користење на просторот

"Загадување" како поим кој се однесува на животната средина означува присутност на супстанци кои директно или индиректно имаат влијание на нејзиното разградување и во крајна смисла се штетни за здравјето на луѓето.

Позначајни причинители на загадувањето на животната средина во урбаното подрачје на Струга можат да бидат:

- Неконтролираниот урбан развој како последица на отсуство во контролата на изградбата или на непокриеноста на просторот со урбанистички планови.
- Непокриеноста на урбаната зона со потребната инфраструктура што значи и немање на соодветен одговор кон причинителите на загадувањето на животната средина во поширокиот регион.
- Загадувањето на поширокото сливно подрачје како причинител на загадувањето на Огридското Езеро како специфичен екосистем. Во таа смисла е и неконтролираното загрозување причинето од реката Сатеска и загадувањето причинето од сите неконтролирани причинители кои се надвор од мониторингот и контролата во Р. Македонија.

- Загадувањето на воздугот предизвикано од индустриското производство.
- Загадувањето на почвата со пестициди и гемиски сретства за биозаштита.
- Непостоење на соодветна санитарна депонија за депонирање на цврст отпад.
- Несоодветниот однос на луѓето-корисници на природните ресурси. Во таа смисла како значаен причинител на загадувањето е и учеството на туризмот како карактеристична стопанска гранка со последични ефекти врз овој аспект на однесувањето кон животната средина.

Одржливоста е креативен, локален процес кој навлегува во сите сфери на одлучување бидејќи градот представува органска целина во која ефектите на значајните активности мора да бидат јавни и според тоа, одлуките за развој не претставуваат интерес само на денешните туку и на идните генерации;

Преферирање на одржливоста на урбаниот стил на живеење со помалку сообраќај и приоритет на еколошки сигурни видови на сообраќај: пешачење, велосипедизам, јавен сообраќај и друго;

Дефинирање и јакнење на инструментите на урбаниот развој кои ја овозможуваат одржливоста: урбанистичко планирање, планирање на животната средина, такси и даноци, учество на јавноста и друго;

Општата оценка на состојбите на природната средина во општината Струга е дека во овој простор во голема мера е сочувана природноста на елементите на животната средина, макар што контролата на истата не е доволно развиена. Така и сознанијата за степенот на загадувањето и неговата распространетост не се целосни, а причинителите на штети недоволно дефинирани. Меѓутоа, и при ваква состојба на нецелосна опсервација можно е да се одредат изворите на потенцијалното загадување на основните елементи на животната средина- воздугот, водата и почвите.

Квалитет н а воздугот
а. Извори на загадување
б. Мониторинг на квалитетот на воздугот
Квалитет на водите
а. Извори на загадување
б. Мониторинг на квалитетот на водите
Квалитет на почвите
а. Извори на загадување
б. Мониторинг на квалитетот на почвите

Во концептот за создавање на квалитетна и гумана животна средина и сочувување на вредностите на природата и материјалната култура за градот Струга, битен е фактот дека Огридското Езеро со поширокаата околина како природен споменик е вклучен во регистарот на светското културно наследство што се води при УНЕСКО. Посебниот пристап во планскиот процес е условен од специфичната положба на Струга, природните знаменитости и културните споменици.

Со посебни природни вредности и обележја поради кои се ставени под заштита на поширокатa заедница се одликуваат следните предели:

- Огридското Езеро е заштитено со Законот за заштита на Огридското, Преспанското и Дојранското Езеро (Сл. весник на СРМ 45/77). Со овој закон Огридското Езеро како објект од пошироко општествено значение прогласено е за Споменик на природата. Односот на поширокатa заедница кон овој природен феномен дефиниран е и преку низа планови и програми, а посебно значение имаат определбите кои се однесуваат на чување на квалитетот на водите;
- Во тесна врска со езерото и живиот свет во него се и крајбрежните карпи и клифови како посебни биотопи, а имаат и изразита пејсажна вредност;
- Пештерските цркви (Калишта, Радожда и Вишни), како и голем број форми на стени, го акцентираат пејсажот по својата местоположба и се издигаат над самиот брег стопени во околниот пејсаж.
- За одржување на природната рамнотежа во езерото од исклучително значение е струшкото блато кое представува станиште на повеќе видови животински и растителни групи, како резерват на живиот свет;
- Реката Црн Дрим со својата природна убавина, постанокот, биолошкиот свет и со незагаденоста, внесена е во регистерот на објекти заштитени со Законот за заштита на природните реткости.
- Езерото Глобочица преку реката Црн Дрим се надоврзува на Дебарското Езеро и заедно формираат вредна и привлечна целина со специфичен пејсаж.
- Јабланичките Езера се карактеристични по својата атрактивност и пејсажни вредности.
- Езерото Шум со богатството на риба привлечно е за риболов и рекреација.
- Изворите претставуваат важен гидрографски елемент во општината Струга. Најзначајни се изворите во Шум и Беличките извори, со значајна издашност и особени пејсажни вредности.
- Зоната на објекти што е под заштита во централното градско подрачје, представува доминантен и оригинален простор како аргитектонски, пејсажен и така и историски оквир, заслужува особено внимание и мерки за валоризација и заштита.

Наведените простори треба да се сочуваат во нивната автентична состојба и како такви да добијат незаменлива улога во дуговната рекреација на населението и да бидат најрационално активирани и користени.

БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИТЕ НА ГРАДОТ СТРУГА - СОСТОЈБА 2002

Вкупно опфат	389.35 Ха	100%
1. Домување индивидуално домување колективно домување	153.41 Ха 134.91 Ха 18.50 Ха	39.40%

2. Општествен стандард образование - основно и средно здравство социјална заштита култура дуговна култура - цркви и џамии	16.68 Ха 7.06 Ха 3.82 Ха 4.71 Ха 0.62 Ха 0.47 Ха	4.28%
3. Државна управа и правосудство; локална самоуправа	3.26 Ха	0.84%
4. Стопанство примарен сектор секундарен сектор терцијарен сектор пазар терминал -царина туризам - готели гробишта -православни и муслимански	88.72 Ха 13.91 Ха 41.55 Ха 16.20 Ха 0.56 Ха 1.71 Ха 3.03 Ха 11.76 Ха	22.79%
5. Зеленило, спорт и рекреација уредено јавно зеленило -паркови заштитно зеленило неангажирани зелени површини спорт и рекреација плажи	89.46 Ха 11.81 Ха 3.97 Ха 65.63 Ха 5.66 Ха 2.39 Ха	22.98%
6. Сообраќај и водотеци пеш.зони,улици,ј.паркиралишта, авт.станица, бенз.пумпи река - Црн Дрим и Мал Дрим	37.82 Ха 32.39 Ха 5.43 Ха	9.71%

Вкупна површина на опфатот	389.35 Ха
Вкупен број на жители	17 260
Вкупен број на станови	5 649
Просечна површина по стан	88.00 м2
Просечна станбена површина по жител	23.16 м2
Бруто густина на домување	44.33 ж/Ха
Нето густина на домување	112.51 ж/Ха

18. ХРОНОЛОГИЈА НА ПЛАНИРАЊЕТО НА ПРОСТОРОТ

Просторот околу истекот на реката Црн Дрим од Огридското Езеро бил интересен и населуван пред многу илјади години. Струга како населба се спомнува на крајот од VI и почетокот од VII век со доаѓањето на Словените како населба која никнала на двата брега од полноводната река Црн Дрим.

1. УРБАНИСТИЧКО РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН ЗА СТРУГА -1946 ГОДИНА.

Првиот плански документ изработен е од Загребачка проектанска организација за изготвување на урбанистичко регулациони планови.

Замислата на проектантот арг. Антолиќ била Струга пред се да добие изглед на град на две води со перспективен развој на туризмот. Развојот на градот да се одвива кон запад со претгодно исушување на мочуришните терени на Струшкото Блато. Концепцијата на Планот била максимално искористување на природните реткости-езерото и реката, нивното поврзување со старата чаршија, со калдармата, нејзините сокаци и прекрасната градска аргитектура од XIX и XX век, како и формирање на широки парковски и зелени појаси.

Денес дел од овие замисли се реализирани.

2. ОСНОВЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДОТ СТРУГА -1962 ГОДИНА

Изработен е од Завод за урбанизам и станбена тегника - Скопје.

Планот претставува темел за перспективниот регулационен развиток на Струга. Неговите базични замисли се слични на претгодниот План - град на две води со перспективно прераснување во туристички центар. Максимално искористување на природните убавини и реткости. Усогласување со новите урбанистички прописи. Вклопување на се што има културно-историска, аргитектонска и друга вредност. Осмислување на перспективната изградба на објекти за домување и општествен стандард. Правилно поврзување на градот со надворешниот транзитен и меѓуградски сообраќај.

3. РЕГИОНАЛЕН ПРОСТОРЕН ПЛАН ОХРИДСКО - ПРЕСПАНСКИ РЕГИОН -1972 ГОДИНА

Изработен е од Дирекцијата за регионално и просторно планирање - Огрид .

Овој план е просторен план од општ тип во кој е акцентиран туризмот како водечка стопанска активност.

Насоките на овој план произлегуваат од поставките на Просторниот план на Р. Македонија.

Просторниот план опфаќа период од 10 години (1990-2000). Општините Огрид, Струга и Ресен ги третира како единствен простор и регионална целина.

Просторниот план на Огридско - Преспанскиот регион ги анализира елементите од заеднички интерес на општините Огрид, Струга и Ресен кои се однесуваат на степенот на развиток, демографски карактеристики, развој на стопанството и планирање на заеднички инфраструктурни системи (енергетика, сообраќај, водоснабдување и евакуација на отпадни води, ПТТ комуникации, заеднички зафати за заштита на животната средина -посебно езерото).

Градот треба да се развива како населба од прв степен и да претставува центар на општествено економскиот развиток на општината. Во него ќе бидат концентрирани најважните стопански и јавни функции неопгодни за општината како целина.

До 2000 год. планирано е градот да има 22.000 жители и површина од 761,40 Ха.

Регионалниот просторен план служи како база за понатамошното изработување на планови од пониско ниво.

4. ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОПШТИНА СТРУГА -1990 ГОДИНА

Изработен е од Институтот за просторно планирање - Огрид

Со планот се предвидува реализација на развојните претпоставки во најбитните домени на просторниот развој на Општината. Со насочување на процесот на урбанизација се оди кон задоволување на основните развојни потреби, обезбедување на рамномерен развој и активирање на севкупните потенцијали (природни и создадени) во Општината. Врз база на тоа дефиниран е моделот на систем на населби составен од четири нивоа, односно два степени на централни населби: центар на општината Струга (примарен) - урбаната населба Струга, со гравитациски опфат од околу 70.000 жители, центар на заедници на села (секундарен) - урбаните населби Вевчани, Радолишта, Луково, Делогожда и условно населбата Збажди, специфични населби - урбаните населби Радожда, Калишта и Горна Белица со специфична улога на туристичка понуда на општината и останати населби и населените места во општината.

Насочувањето на станбената изградба е во правец на целосно искористување на опфатеното земјиште со изграден станбен фонд, со зголемување на густината на населеност просечно околу 140 ж/км2. Евентулна експанзија на населбата треба да се одвива исклучиво на земјиште со квалитет од IV бонитетна класа што е во склад со законот за заштита на земјоделското земјиште.

Искористување на станбениот фонд во туристички цели е со обезбедување на околу 5.000 легла во приватно сместување, што ќе допринесе и кон порационално искористување на станбениот фонд и негово активно вклучување во туристичкото стопанство на општината. Просечната густина на населеност на општината изнесува 140 ж/км2.

Во Струга како центар на општината планирани се функции и капацитети за задоволување на потребите во рамките на Општината од доменот на општествениот стандард, образованието, здравството и културата, за максимален број од околу 70.000 жители во рамките на општината и 22.000 жители во рамките на градот Струга.

Сообраќајната инфраструктура треба да се прошири, подобри и модернизира, со равномерно покривање на територијата и поврзување со околните општини Огрид, Кичево, Дебар и Р. Албанија.

Водоснабдувањето се планира за зафаќање на водата од изворите на Горна Белица, Вишенски извори, изворите во с. Шум, Радолишките и Вевчанските извори.

Заштитата на Огридското езеро и одстранувањето на отпадните води ќе се врши со колекторскиот систем.

Енергетската инфраструктура за потребите на Општината е планирана со изградба на уште една трафостаница ТС 110/20 КЊ ТС Струга ИИ со инсталациона снага од 20 МВА, планирана во зоната за индустрија. Голема потенцијална електрична енергија би се добила со користење на водите на реките и Огридското Езеро.

5. ОСНОВЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СТРУГА - ИЗМЕНИИДОПОЛНУВАЊА

1990-2001 ГОДИНА

Изработен е од Институтот за просторно планирање Огрид.

Основниот урбанистички план на градот Струга овозможува согледување на идниот просторно функционален развој на градот, преиспитување на постојните стандарди и критериуми и корекција на истите во однос на поставките од постојната урбанистичко планерска работа во сите домени на човековата активност во еден урбан простор. Ги почитува принципите на планот во целост, континуираност во планирањето и ги запазува процесите и тенденциите искажани во претгодниот период.

Вкупната површина на урбаниот опфат изнесува 333,30 Ха. Територијата на градот е поделена на четири реони - месни заедници - I реон, II реон, III реон и IV реон, со основна намена на површините за домување. Дел од површината на месните заедници е планирана за различни дејности што го пратат домувањето.

До крајот на планираниот период во градот се планирани 22.000 жители, односно 5.238 домаќинства, со просечна големина на домаќинство од 4,2 члена. Согласно определбата стан за секое семејство потребни се 1238 станови со станбен стандард од 20 м2 по жител и 186 станови за одмор и рекреација. За домување ангажирана е површина од 174,7 Ха со што нето густина на населеност изнесува 126,0 ж./Ха.

6. ОСНОВЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СТРУГА - ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА
-1999 ГОДИНА

Изработен е од Јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање Скопје - Подружница Огрид.

Измените и дополнувањата на планот произлегуваат од потребите за проширување на индустриската зона. Со овој план просторот наречен "Даљан" се пренаменува од зелена површина во зона за индустрија.

7. ОСНОВЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СТРУГА - ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА
2000-2010 ГОДИНА

Изработен од Јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање Скопје - Подружница Огрид

Со измената и дополнувањето на планот дефинирани се границите и просторната разместеност на содржините во приградските населби Теферич и Езерски лозја.

Населбата Езерски лозја планирана е да егзистира како туристичка населба, со содржини кои ја пратат оваа функција.

Населбата Теферич која е во составот на градот Струга, ќе егзистира независно во дел од повеќе сегменти на живеењето (образование, здравство, дуговна култура), а останатите потреби ќе ги остварува во градот.

8. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СТРУГА - 2002-2012 ГОДИНА

Изработен од Јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање Скопје - Подружница Огрид

9. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНИ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СТРУГА - 2002-2012 ГОДИНА

Изработен од ИНПУМА Скопје, во кој се врши корекција на намените во Урбани блокови 22 и 23

19. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Основното урбанистичко планирање како фаза представува стадиум помеѓу макро (просторно) и микро (детално) планирање. Поставките кои ОУП ги наложува на деталните урбанистички планови треба да бидат почитувани, но и преиспитувани во текот на деталното планирање. Коригирањето на овие поставки, добро аргументирано, може по пропишана постапка да биде овозможено со цел ОУП да се актуелизира и да биде реален во секој момент од планираниот период. Овие повратни спреги меѓу ОУП и ДУП докажуваат дека урбанистичкото планирање е процес, жив, динамичен и флексибилен, а не состојба која се менува само во утврдените со Закон рокови.

Овој исклучително обемен приказ на урбанистичката документација која веќе шест децении се изработува со побавна или побрза динамика за просторот на градот и неговото централно подрачје, па и документацијата која овде не се спомнува, а е од големо значение за поширокото окружување на градот (просторни планови), се дава со цел да се добие реалната слика за нивото на истражувањата кои се вршени и за нивната мултидисциплинираност. Без оглед во која мерка се реализирани сите изработени планови и да ли воопшто се реализирани, извршените истражувачки работи, студии од сите области релевантни за просторното и урбанистичкото планирање, безбројни податоци, елаборати - целиот научен и стручен опус - представуваат сигурна влезна платформа за сите наредни планирања во овој простор. Се разбира, со текот на времето овој опус се иновира со нови податоци, некои нови видувања и ставови, но сепак тој ќе остане како неодминлив фактор на планирањето.

Иако периодот од четри год четри години е релативно краток за да се согледаат ефектите од Генералниот урбанистички план за град Струга, може да се извлечат заклучок дека степенот на реализација на решенијата предвидени во планот е на многу ниско ниво и покрај големиот интерес за развој на градот. Ова индицира дека ГУП струга поради својата крута поставка со строго дефинирани сингуларни намени и покрај надјобрите планерски поставки представува ограничувачки фактор за развојот.

II ПЛАНИРАН РАЗВОЈ

1. Воведен дел

При планирањето на просторот, максимално се почитувани новонастанатите потреби и сознанија за пренамена на атрактивен простор на дел од градот Струга нереализиран во поставките од постојниот ГУП Струга.

Причините за пристапување кон Измена и дополнување на ГУП Струга произлегуваат од потребите за:

- усогласување на планските решенија и поставки со одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 51/05)и други релевантни закони и подзаконски акти.
- преиспитување на актуелните развојни потреби на градот, вградување на современи урбанистички и планерски принципи и важечки урбанистички стандарди и нормативи.
- усогласување на просторниот развој на градот со развојниот концепт на системот на градските центри дефиниран со актуелниот Просторен план на Р Македонија.
- промена на дел од стратешките цели на долгорочниот развој во согласност со новите општествено-економски услови на развојот и потребите на пазарното стопанство.
- актуелизирањето на одреден број проблеми и колизии во доменот на урбаните функции и системи на урбаната инфраструктура, констатирани во постојниот ГУП Струга. Проблемите и колизиите настанати пред се со несоодветна и недоследна реализација на поставките и насоките на претходниот плански документ, регистрирани се во следните домени.
- сообраќај и сообраќајна инфраструктура - транзитен патен сообраќај, поврзување со сообраќајниот систем на државата.
- индустрија - развој на индустриски и сервисни (работни) зони.
- еколошки развој и заштита на животната средина - нарушување на квалитетот на животната средина.
- комунални услуги - водоснабдување на градот, ефикасно отстранување на оптадните води и цврстиот отпад.
- користење на земјиштето и негова пренамена - просторни промени како резултат на несоодветна примена и неможност за реализација на ГУП Струга.
- дисперзијата на угостителските локали во основа е базирана врз економската логика на побарувачката - фреквентните, крајбрежните простори во градот и туристичките локалитети и понатака ќе бидат атрактивни за оваа намена, уште повеќе кога се знае за конкретни вловложувања и инвестиции;
- да се има предвид трендот на настојувањата на готелиерите за повишување на категориите на готелските објекти и услуги и истиот да се поддржи;

2. Граница на опфат на урбано подрачје

Градот Струга се наоѓа на југозападниот дел од Р. Македонија, на брегот на Огридското Езеро и текот на реката Црн Дрим. Градската територија е ограничена во најголем дел со природни и со од човек воспоставени граници. Опфатот на градот има меко издолжена форма што ја прати езерската линија и главните сообраќајни патни правци, магистралниот пат М-4 и регионалниот пат Р-420, а нормално на нив регионалниот пат Р-418, кои воедно го поврзуваат градот со блиското и поширокото опкружување, просторот на Р.Македонија и соседните земји. Распространет е на рамничарски терен.

Вкупната површина на опфатот изнесува 511.12 Ха.

Границата на опфатот е полигонална линија, која се движи главно по природни граници или сообраќајници, а во помал дел и по катастарски парцели, почнувајќи од најзападната точка "А", како почетна во насока на движењето на сказалките на часовникот.

Од точката "А", ја сече Магистралната улица М1(дел од М4), оди по кп 3109/4, ја сече кп 2839/3 (Струшко поле) до Сервисната улица Се1, ја сече и оди по неа до Магистралната улица М3 (дел од Р-418) со должина од 1915м[1], скршнува на север и оди по Магистралната улица М3 (дел од Р-418) со должина од 620м[1], ја сече неа, заштитното зеленило и реката Црн Дрим, скршнува на југ по брегот на реката до Коридор 8 со должина од 280м[1], го сече Коридор 8, продолжува по брегот на реката до Сервисната улица Се1 со должина од 324м[1], скршнува на исток, оди по Сервисната улица Се1 до Собирната улица С2 со должина од 1118м[1], ја сече С2, скршнува на југ, оди по С2 до Магистралната улица М1(дел од М4) во должина од 250м[1], скршнува на исток, оди по М4 во должина од 940м[1], ја сече М4 и оди по кп 1863/25, 1863/26, 1867/1, 1868/1, 1869, 1870/2, 1871/1, 1872/1, сече канал кп 2825, оди по кп 1879/10 до Собирната улица С1 ("Туристичка"), скршнува на исток до Собирната улица С2, оди по неа во должина од 445м[1], ја сече Собирната улица С2, скршнува на југ, ја сече Собирната улица С1 ("Туристичка"), оди по Собирната улица С2 со должина од 436м[1] се до брегот на Огридското езеро, скршнува на запад, оди по брегот на езерото до крајната западна точка, скршнува на север преку песочната плажа, оди по кп 3300 и 3304, ја сече Магистралната улица М2 ("В.Малески" и дел од Р-420), оди по кп 3267, сече канал и оди по кп 3255, 3256, 3257, 3258, оди по каналот во должина од 550м, оди по кп 3207 и 3205, скршнува на запад по Магистралната улица М1(дел од М4) во должина од 48м до почетната точка "А".

Од точката "А' ", оди по кп 1081/1, 1081/3, 1082, сече пат кп 1266/1, 941, 939, 937, 936, 940/3, сече канал, оди по кп 940/1, ги сече кп 931/8 и 931/7, оди по кп 932/4, 932/3, 932/1, оди по брегот на река Сатеска во должина од 82м, ја сече реката, оди по кп 927/1и ја заобиколува, сече пат и кп 919/7, 920, 921/1, 922, оди по кп 924, го сече старото корито на река Сатеска и кп 963, 962, 961, 960/1, оди по кп 953/3, 953/1, 953/2, 952, сече канал (кп 947 и 944), оди по кп 1063/1и 1065, сече пат (кп 1266/1) и кп 1077/4 и 1097/3, оди по 1111/1, скршнува на запад и оди по канал со должина од 525м до точката " А' ".

Напомена: Броевите на катастарските парцели се земени од подлогите на кои е работена урбанистичката документација. Отчитувањето на должините е со толеранција.

Границата на опфатот на градот и основните поставки на неговата просторна организација, приказани се во графичките прилози според урбанистичката документација, за плански период од 10 години (2006-2016 година). Преставени се основните елементи на организација на просторот: граница на опфатот на градот, граници на урбаните единици (грдски четврти) и блокови. Исто така се прикажани намеското користење на просторот, како и сообраќајот и другите инфраструктурни системи.

Овие прилози преставуваат компаративен приказ на развојот и растот на градот и ќе послужат како информација во процесот на јавната презентација на новиот ГУП за Струга.

3. Препораки за идниот развој на градот од плановите на повисоко ниво

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес претставува основна рамка и влијателен фактор во насочување на долгорочниот просторен развој на Република Македонија. При планирање на долгорочен просторен развој на градските населби се користат насоките и стратешките одредби на планските документи од повисоко ниво, односно поставките и насоките на Просторниот план на Државата.

Согласно просторниот концепт на мрежата на центри врз база на која е дефинирана содржината на функции и активности, насоки и интензитет на меѓусебна поврзаност, градот Струга е рангиран во центар на микрорегион, (центри на микрорегиони се урбани населби со популациска големина до 30.000 жители, со застапеност на јавни функции, функции на општествен стандард и услуги, застапеност на производни стопански капацитети и гравитациско влијание врз најмалку две општини), со што при изработката на просторните и урбанистичките планови се наложуваат определени обврски:

- при изработката на урбанистичките планови површините за планирани урбани содржини треба да се бараат во рамките на постојното градежно земјиште, а исклучиво за општествено оправдани цели надвор од овие рамки на површини со бонитет од IV категорија;
- да се применат принципите на насочена урбанизација со што ќе се достигнат приближно еднакви услови за живеење и работа на целата територија;
- да се усогласат густината на населеност, изграденоста и катноста заради зачувување на принципите на гумано живеење, рационална експлоатација на просторот и урбаните содржини, а во согласност со сите видови на заштита на животната средина.
- квалитативно задоволување на потребите на населението согласно принципот стан за секое семејство, наголемување на просечната станбена површина по стан, подобрување на квалитетот и осовременување на станбениот фонд, елиминирање на субстандардниот станбен фонд, примена на асеизмички мерки. Норматив при планирањето на станбена површина по жител 20 м^2 и станбена единица од 80-90 м^2 по семејство.
- да се овозможи дисперзија на капацитетите од јавните функции согласно со потребите на населението заради намалување на разликите на нивото на опременост со истите.

- планирање на зони за секундарно домување - викенд зони, земјоделски и други објекти само во оние подрачја кои со регионалните просторни планови се определени за таа намена;
- туристичките содржини треба да се планираат координирано и усогласено со насоките од Просторниот план и тоа задолжително надвор од подрачјето со зачувани природни вредности и заштитени делови на природата;

Препораки од Просторниот план на Републиката кои се однесуваат на културно - историското наследство:

- сите просторни и урбанистички планови да го содржат просторниот аспект на заштита на недвижното културно наследство во активна, позитивна и афирмативна смисла независно дали се работи за поединечен објект или градителска средина, како заедничко богатство на сите граѓани на Република Македонија.
- објектите и градителските целини да се вклопат во просторното и организационо ткиво на градот и населените места или пошироките подрачја и да се потенцираат нивните градежни, обликовни и естетски вредности.

Во Просторниот план на Републиката нагласени се стратешките цели за развојот на современата индустрија, виталниот сектор на услуги и високо продуктивно земјоделство;

- да се утврдат можности за користење на работните зони преку внатрешна трансформација, модернизација и подобро користење на просторот и опремата, постапно дислоцирање на загадувачките дејности од населбите (особено во градовите со туристичко -рекреативни вредности);
- надвор од градското подрачје треба да се определи зона неопгодна за дислоцирање на одделни индустриски капацитети од градот и изградба на нови главно преработувачки капацитети;
- урбаните центри распоредени во граничното подрачје на државата поставени на главните комуникациски правци (Гевгелија, Берово, Делчево, Дебар, Струга), треба да остварат значаен развој преку непосредното поврзување со градовите и стопанствата во соседните држави;
- процесот на поинтензивно двонасочно функционално поврзување (во доменот на услуги, стопанство, туризам, вработување), да биде присутен кај урбаните населби Огрид - Струга;

Во доменот на инфраструктурата Просторниот план на Републиката предвидува:

- заедничко користење на просторот и сингронизирање изградба на инфраструктурните потези со единствени коридори дефинирани во просторните планови на општината;
- сообраќани системи за рамномерно покривање на територијата, оптимална поврзаност со окружувањето односно со околните општини;

- заедничко користење на изворишта за вода на поголем број корисници, односно изградба на регионални водоснабдителни системи и водостопански објекти;
- изградба на системи за долгорочно загревање во градските центри и поголемите населби како би се дефинирала стратегијата за идниот развој на енергетиката во Р. Македонија;

4. Планска програма од донесувачот на планот

Од извршените опсежни анализи на постојната состојба на градот и на претходно донесените генерални урбанистички планови, а имајќи ги предвид насоките и препораките за идниот развој на градот од плановите на повисоко ниво и принципите на просторниот развој согласно меѓународните повелби и декларации, произлегуваат следните цели на развојот на градот во планерскиот десетгодишен период - Програма за изработка на Генералниот план на градот Струга 2006 - 2016 година.

Да се усогласат намените согласно законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 51/2005).

Да се направат корекции во содржината на постојниот ГУП Струга во насока за поддобро економско искористување на земјиштето во крајезерскиот дел.

Да се направат корекции на сообраќајната мрежа и истата да се усогласи со реалната состојба на теренот.

5 УРБАН МОДЕЛ

5.1 УРБАН МОДЕЛ карактеристики и основни принципи на просторната организација на градот

Дефинирање на моделот на идната организација и дистрибуција на содржините на територијата на градот представува финална фаза во процесот на изработката на Генералниот урбанистички план на градот. Основата за дефинирање на моделот е идентификација на потребите извршени во овој план, а со помош на соодветни критериуми, нормативи и стандарди, извршена е нивната квантификација и просторна дисперзија. Едновремено, преку изборот на моделот и дефинирањето на стратегијата на просторната редистрибуција ќе се разрешуваат и дилемите и колизиите помеѓу јавните интереси и потребите на независните фактори или институции.

Моделот на просторната организација на градот подразбира дефинирање на моделите на одделни урбани содржини и инфраструктурни системи во рамките на комплексниот социоекономски и просторен систем на градот.

Усвоените модели во чии рамки ќе се одвива развојот на најважните градски функции предвидуваат:

- подобрување на стандардот на домувањето, егализација на животните услови на целата територија на градот, супституција на станбениот

фонд со низок квалитет, реконструкција на станбениот фонд со низок квалитет, елиминирање на процесот на бесправна градба, инфраструктурно екипирање;

- просторно - физичко дооформување и докомплетирање на стопанските зони и нивното инфраструктурно екипирање со целосно почитување на принципите и критериумите за заштита на животна средина и одржливиот развој;
- воедначување на просторната дисперзија на нестопанските дејности и функции на општествената надградба (општествен стандард, терцијарни дејности и јавни функции) и подобрување на нивниот квалитет;
- формирање на систем на центри во градот со различно ниво на фукционална екипираност во зависност од нивното гиераргиско ниво;
- оптимализирање на услови за одмор, рекреација и спортување на граѓаните преку формирање и уредување на јавни зелени површини, рекреативни терени и комплекси и спортски центри;
- екипирање на градот со комунални инфраструктурни системи во функција на ефикасно водоснабдување, елиминирање на отпадни води, регулација на површински водотеци и далечинско затоплување;
- прилагодување на сообраќајниот систем на градот на планираниот систем на магистрални и регионални сообраќајници во овој дел од државата, со посебен акцент на сообраќајна поврзаност со Огрид и со крајбрежјето на езерото;
- заштита на културно-историското и градителско наследство на градот;
Согласно ГУП за Струга, на предметниот локалитет се предвидува простор наменет за Домување (А), Комерцијално деловни објекти (Б), Јавни објекти (В) и зеленило спорт и рекреација (Д).

Задржана е постојната примарна улична мрежа со нејзино додефинирање и поврзување согласно ГУП на град Струга. Поставена е нова интерна сообраќајна мрежа за обезбедување пристап до сите локации.

Се врши усогласување на изградените објекти со основните параметри на урбанистичкото, сообраќајното решение и инфраструктурата.

Во одредбите за реализација на ГУП Струга стои:

B 15

Се наоѓа во централниот дел на градот Струга. Се граничи на север со Старата чаршија (улица “М. Тито”), на исток со собирната улица С4а (улица “Маркс и Енгелс), на југ со Магистрална улица М2 (улица “Партизанска”) и на запад со реката Црн Дрим. Во блокот се планираат намени за Домување (А), Комерцијално деловни објекти (Б), Јавни објекти (В). Процент на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 25%. При примена на компатибилни класи на намена истите не смеат да надминат повеќе од 30% од основната класа на намена.

KLASA NA NAMENA	BLOK15
A	108459,52
B	8498,57
V	1366,79
G	1015,19
D	8066,97
SOOBRAKAJ	0,00
REKA	0,00
VKUPNO	127407,04

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски определби и нормативи.

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај потребите за паркирање ќе се решаваат со изградба на подземен паркинг за 200 возила, како и во рамките на сопствената парцела, каде што постои можност, со почитување на потребен број паркинг места во сопствената парцела како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.

Деталниот урбанистички план за овој локалитет треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја парцела, односно објект. Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски определби и нормативи.

Предвидени се следните класи на намени:

А1 – Домување во станбени куќи
А2 – Домување во станбени згради
Б1 – Мали комерцијални и деловни намени
Б2 – Големи трговски единици
В4 – Државна и локална управа
В5 – Верски институции
Д1 – Парковско зеленило
Е1 – Комунална инфраструктура (сообраќајни коридори)
Е2 – Комунална супраструктура (трафостаници 10/0,4kV, подземен паркинг)

Површината на планскиот опфат е изградено земјиште. Со планот се формираат градежни парцели и се предвидуваат површини за градба со намена во согласност со ГУП на Град Струга.

Целиот дел воглавно е наменет за Домување во станбени згради и домување со станбени куќи.

Намената Г во ГУП Струга се однесува на постојна градба (Административен објект на ХЕЦ Глобочица Шпиље). Од таа причина тие се проширени како Државни институции со класа на намена В4.

Дел од комерцијалната зона Б покрај којот се планира компатибилна намена А2 на ниво на целата зона. Целата зона е со површина од 4994м^2, од кои 489м^2 се предвидени за класа на намена А2 – Домување во станбени згради, и 483м^2 со намена А1 – Домување во станбени куќи што претставува 19% од главната немена на зоната и е во рамки на дозволениот процент.

Бидејќи се работи за централно градско подрачје кое што има повисок стандард на домување од просекот за домување во градот, при изработката на планот се планирани по 60м2 бруто површина по жител.

Поради флексибилност и употребливост на планскиот документ во намените на објектите дадени се повеќе можности за компатибилни класи во зависност од заинтересираноста на потенцијалните корисници на просторот. При пресметката на бројот на жители во предвид е земена и можноста за остварување на компатибилните класи на намени.

Растојанијата помеѓу објектите треба да бидат во согласност со член 42 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Службен весник на Република Македонија, број 63/12)

Висините на објектите се во склад со член 43 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Службен весник на Република Македонија, број 63/12 каде се предвидени за секоја површина за градба - градежна парцела поединечно. Покрај максималната висина на венец, во нумеричките податоци се дадени максималните катности на планираните висини за градба.

Планираните улици од примарната сообраќајна мрежа, планирани со Генералниот урбанистички план на Град Струга се преземени оттаму.

За сите градежни парцели, со основни класи на намена А1 – Домување во станбени куќи, А2 – Домување во станбени згради, Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, Б2 – Големи трговски единици, Б4 – Деловни простори, В4 – Државна и локална управа и В5 – Верски институции, потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Службен весник на Република Македонија, број 63/12) како основен услов за градење при издавање на решение за локациски услови.

Деталниот урбанистички план за овој простор треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела, односно објект.

	Според ДУП	Според ГУП
Број на жители во семејни куќи	816	
Број на жители во семејни згради	606	
Вкупен број на жители според	1422	1425
Бруто густина во семејни куќи	137	150
Бруто густина во семејни згради	220	400

- Во рамките на опфатот формирани се 393 градежни парцели.
- Бруто максималната развиена површина на ниво на плански опфат е 198620m².
- Просечен процент на изграденост изнесува 48,89%.
- Коефициентот на искористеност е 2,10.
- Вкупен број на жители 1422
- Бруто густина на домување во станбени куќи е 137ж/ha
- Бруто густина на домување во станбени згради е 220ж/ha

4. ПЛАНСКА ПРОГРАМА

Програмските проекции на просторот се дадени од локалната самоуправа на Општина Центар и се движат во следните насоки:

- Да се оформат градежни парцела и површини за градба согласно потребите на корисниците и
- Да се реши сообраќајната и инфраструктурна поврзаност до градежните парцели.

Содржината на овој план треба да биде во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ, број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ, број 63/12), и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на РМ, број 78/06).

5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА

Со изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план Дел од УЕ4 – Блок 15 Општина Струга, плански период 2011-2016, на предметниот локалитет се предвидуваат зони со класа на намена во согласност со ГУП Струга.

5.1. ЕДИНИЦИ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Планскиот опфат е поделен на 3 делови кои се соодветно нумерирани во графичките прилози. Границите на деловите се совпаѓаат со осовини на улици, регулациони линии и граници на градежни парцели. Ваквата поделенсот на блокови поради континуитет во планирањето е превземена од важечкиот урбанистички план.

Обележувањето на градежните парцели е со нумерација на секоја градежна парцела посебно и тоа со арапски цифри, при што првата цифра го означува делот во кој припаѓа градежната парцела, а втората е единствена ознака за самата парцела; на пр. ГП1.1 е градежна парцела 1 во рамките на дел 1.

Според оваа нумерација се изработени урбанистички параметри за секоја градежна парцела поединечно, на ниво на опфат и на ниво на цел плански опфат прикажани во синтезниот приказ.

Со планот се предвидени вкупно 393 градежни парцели.

5.2. КЛАСА НА НАМЕНИ

Со Планот се утврдени следните класи на намени:

А – Домување
- А1 – Домување во станбени куќи
- А2 – Домување во станбени згради

Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
- Б1 – Мали комерцијални и деловни намени
- Б2 – Големи трговски единици

В – ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
- В4 – Државна и локална управа
- В5 – Верски институции

Д – ЗЕЛЕНЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
- Д1 – Парковско зеленило
- Д2 – Заштитно зеленило

Е – ИНФРАСТРУКТУРА
- Е1 – Комунална инфраструктура (сообраќајни коридори)
- Е2 – Комунална супраструктура

Предвидениот концепт се надоврзува на намените што ги предвидува важечката планска документација – ГУП на Град Струга.

Растојанијата помеѓу објектите се во согласност со член 42 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, бр. 63/12)

Висините на објектите се во склад со член 43 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, бр.63/12), каде се предвидени за секоја површина за градба - градежна парцела поединечно. Покрај висината на венец, во нумеричките податоци се дадени катностите на планираните висини за градба.

За сите градежни парцели, со основни класи на намена А1 – Домување во станбени куќи, А2 – Домување во станбени згради, Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, Б2 – Големи трговски единици, Б4 – Деловни простори, В4 – Државна и локална управа и В5 – Верски институции, потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Службен весник на Република Македонија, број 63/12) како основен услов за градење при издавање на решение за локациски услови.

Класите на намени се впишани на самата површина за изградба во графичките прилози, како и во табелите со урбанистички показатели за секоја градежна парцела поединечно.

Заради флексибилност на планот, одредени се и алтернативни класи на намени, компатибилни во однос на основната класа на намена, со одреден максимален процент на учество во однос на основната класа на намена, а во согласност со одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12). Компатибилните класи на намена и максималниот дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена се наведени во табеларните прикази, како и во посебните услови на Планот, за секоја градежна парцела поединечно.

5.3. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Сообраќајниот концепт за локалитетот кој е предмет на изработка на овој ДУП е поставен врз основа на ГУП на Град Струга, постојната состојба и урбанистичкиот концепт за намена на површините.

Според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12) став 1 и став 3:

Уличната мрежа и нејзините елементи се планираат и обликуваат во урбанистичките планови и урбанистичко планските документации од законот според постојните документации од законот според постојните сообраќајни потреби и според планираните потреби до крајот на планскиот период.

Кога во урбанистички план се планира улична мрежа во подрачје кое е густо изградено со вреден и неамортизиран градежен фонд или со други градби за кои не постојат економски претпоставки дека ќе бидат експроприрани и рушени поради проширување на сообраќајните коридори, уличната мрежа се планира, категоризира и димензионира според можностите за реализација во планскиот период.

Во рамки на планскиот опфат кој опфаќа густо изграден градежен фонд, процентот на изграденост и коефициентот на искористеност не се значително зголемени, со што не се планира ниту зголемување на сообраќајните потреби во локалитетот. Според тоа сообраќајната мрежа е планирана врз основа на постојните сообраќајни елементи.

Вкупната површина на опфатот изнесува 14,36ha, од која 4,08ha се сообраќајни површини или 28,43%.

Комплетна сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална, треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот. Растојанијата помеѓу планираните крстосници е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник бр. 63/12). Крстосницата помеѓу станбената улица 2 и Улицата Маркс и Енгелс е затекната постојна состојба.
За сите градежни парцели, потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12) како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.

Пристапот до градежните парцели е обезбеден од секундарна улична мрежа.

За градежните парцели: 08.94, 08.92, 08.95, 07.62, 07.621 07.57, 07.58, 07.46, 07.39, 07.38, 07.37, 06.80А, 06.80, 06.82, 06.83, 06.83А, 06.101 пристапот е од примарна сообраќајна мрежа поради веќе затекната состојба на терен.

Пресметката за обезбедување на доволен број на паркинг места се утврдува според следните нормативи:

А1 и А2 – Домување во станбени куќи и згради

- За станбени згради кои се лоцирани во централното градско подрачје: 1 паркинг место по стан

Б1 – Мали комерцијални и деловни дејности
- 1 паркинг место на секои 60m^2 од вкупно изградената површина.

Б2 – Големи трговски единици
- 1 паркинг место на секои 70m^2 од вкупно изградената површина

В4 – Државни институции
- 1 паркинг место на секои 80m^2 од вкупната површина.

В5 – Верски институции
- потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата.

Во рамки на планскиот опфат има предвидено една градежна парцела 8.123 за подземен паркинг. Вкупниот капацитет на возила на подземниот паркинг е 310 возила.

Рампите за пристап до паркиралиштата и гаражите да се проектираат согласно член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ, број 63/12).

Димензионирањето на групните паркиралишта се врши на тој начин што на вкупниот број на паркинг места се планираат минимум 3% паркинг места за лица со инвалидност. На паркиралиштата со помалку од 20 места се предвидува минимум едно паркинг место за лица со инвалидност. Паркинг местото за лица со инвалидност е со минимални димензии 3,50/5,50 и се лоцира и видно се обележува најблиску до влезот на градбата и до пешачка површина.



5.4. НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ

Со изработка на деталниот урбанистички план, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивелациското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

При проектирањето на нивелетата се почитува природниот пад на теренот. Подолжните наклони на сите сообраќајници се движат во границите на максимално дозволените исклучителни подолжни наклони.

5.5. ЕЛЕКТРО - ЕНЕРГЕТИКА И ПТТ ИНСТАЛАЦИИ

Со изработка на урбанистички план за локалитетот, изработено е идејно решение за потребен број на новопредвидени трафостаници 10/0,4kV.

Вкупната површина на опфатот изнесува 14,36ha.

За предвидени функции едновремената ел. снага за новопредвидените објекти се димензионира според следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

- За градежните парцели со намена А2 – Домување во станбени згради, електричната мрежа и потребата од едновремена ел. снага се димензионира според следните електроенергетски параметри:

$P_{en1} = P_{en1}' + P_{en1}''$ $P_{en1}' = f_n' \times P_e' \times n$ $f_n' = f\sim' + \frac{1-f\sim'}{\sqrt{n}}$ $P_{en1}'' = f_n'' \times P_e'' \times n$ $f_n'' = f\sim'' + \frac{1-f\sim''}{\sqrt{n}}$

каде P_{en1} - вкупна едновремена ел. снага за „n“ станови
P_{en1}' - едновремена ел. снага за „n“ станови
P_{en1}'' - едновремена ел. снага за „n“ станови за затоплување
P_e' - едновремена ел. снага за просечен стан Pe’ = 13kW
P_e'' - едновремена ел. снага за просечен стан за затоплување Pe" = 2,5kW
f~’ и f~" - фактор на едновременост, за бесконечен број на станови
f~’=0,15 и f~"=0,9
f_n' и f_n'' - коефициент на едновременост за „n“ станови
n - број на станови, n=1616

$$f_n' = f\sim' + \frac{1-f\sim'}{\sqrt{n}} = 0{,}15 + \frac{1-0{,}15}{\sqrt{1616}} = 0{,}1711$$

$P_{en1}' = f_n' \times P_e' \times n = 0{,}1711 \times 13 \times 1616 = 3594{,}46\text{kW}$

$$f_n'' = f\sim'' + \frac{1-f\sim''}{\sqrt{n}} = 0{,}9 + \frac{1-0{,}9}{\sqrt{1616}} = 0{,}9024$$

$P_{en1}'' = f_n'' \times P_e'' \times n = 0{,}9024 \times 2{,}5 \times 1616 = 3645{,}69\text{kW}$

$P_{en1} = P_{en1}' + P_{en1}'' = 3594{,}46 + 3645{,}69 = 7240{,}15\text{kW}$

- за деловно – административни функции 0,08kW/m²

Вкупната максимална бруто развиена површина на градежните парцели со површини за градба со намени Б1, Б2, Б3 и В5 изнесува 12661m².

Вкупната едновремената ел. снага изнесува: P_{en2} =1012,88kW

$P_{en} = P_{en1}+P_{en2}$= 3645,69+1012,88= 4658,57kW

$\eta_{tr}=\frac{\Sigma P_{en}}{S_{tr}}=\frac{4658,57}{1000\times0,75}$ = 6 трафостаници

Во опфатот се предвидени 6 локации за трафостаници 10/0,4kV, како резерва на реалната ситуација при изградба на просторот.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на урбанистички проекти и идејни и основни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН.

УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа „В-2”, споредни, локални
- класа „В”, паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

„В-2“ (С)

- сјајност на коловозот L_m=1-1,5cd/m²
- средна погонска осветленост E_{sr} = 15-25Lx
- просечна рамномерност jr = 40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W
- начин на поставување едноредeн

„В“ - паркинг простори

- средна погонска осветленост E_{yg} = 10-20Eh
- просечна рамномерност jr = 25%
- висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)
- светлосен извор VTFE - 250W
- начин на поставување двореден (едноредeн).

ПТТ ИНСТАЛАЦИИ

Македонски телекомуникации АД Скопје за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациски услуги, јавни говорници. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Корисниците од ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Струга.

Мобилна телефонија - Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Т-Мобиле, ВИП и Оне. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно - историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.)
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура
- Изготвување на проекти за развој на ГСМ мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион е покриен со сигнал на трите компании за мобилна телефонија во РМ.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според принципот стан - телефон и за јавните функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Во планскиот опфат има изведена телефонска мрежа.

Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телеком АД Скопје.

5.6. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека предметниот локалитет се снабдува од градска водоводна мрежа.

Со урбанизацијата на овој простор и намената на површините на зафатот опфатен со деталниот урбанистички план се предвидуваат јавни и комерцијални објекти и предвидени се максимални површини за градба што претставува максимален капацитет на просторот во моментот.

Водоснабдувањето на новопредвидените објекти се предвидува со приклучување на градска водоводна мрежа. Водоснабдителната норма треба да изнесува 250 л/ден/жит.

Потребна количина на вода

$Qмах/час = Nк \times Qк \times a_1 \times a_2 / 24x3600 + Nвр \times Qвр \times a_3 / 6x3600 + Nпос \times Qпос \times a_3 / 6x3600 =$

каде што е

Nк – број на постојани жители Nк = 4363
Nвр – број на вработени Nвр = 500
Nпос – број на посетители Nпос = 1200

Q - водоснабдителна норма Qк = 250 l/ден/жител
Qвр = 30 l/ден/вработен
Qпос = 20 l/ден/посетител

a_1 = коефициент на дневна нерамномерност a_1 = 1,5
a_2= коефициент на часова нерамномерност. a_2 = 1,3
a_3= коефициент на часова нерамномерност за вработени. a_3 = 2,0
a_4= коефициент на часова нерамномерност за посетители. a_4 = 2,5

Qмах/час = 4363 x 500 x 1.5 x 1.3 / 86400 + 500 x 30 x 2 / 28800 + 1200 x 20 x 2,5 / 21600
= 24,61 л/сек. + 1,04 л/сек. + 2,77 л/сек. = 28,43 л/сек.

qпож. = 15,00 л/сек.

Вкупно Qмах/час = 28,43 + 15,00 = 43,43 л/сек.

Оваа потребна количина на вода до водокорисниците ќе се дистрибуира преку постојната и новопроектираната дистрибутивна водоводна мрежа.

ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

По однос на канализација се планира изградба на сепаратен систем на канализација т.е. изградба на посебна канализациска мрежа за атмосферски води како и посебна канализациска мрежа за фекална канализација.

При проекција, одделните канализациски системи се усвоени од надморската висина на локалитетот, од положбата во однос на реципиентот и од експозицијата на теренот.

Канализирањето е предвидено да се врши гравитациски.

Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, која ќе се состои од канали кои што ќе се водат по планираните сообраќајници.

Количината на отпадните води ќе се пресметува како 80% од максималната часова потрошувачка на вода, зголемена за 20% од инфилтрација на подземни води.

Q = 0,80 × 68,04 × 1,2 = 65,31 l/sec

Канализационата мрежа ќе се состои од PVC канализациски цевки со Ø300mm и армирано - бетонски ревизиони шахти.

Оваа новопланирана канализациска мрежа ќе се поврзе со постојниот вод на фекална канализација.

АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализациски систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали, а кои ќе се водат по главните сообраќајници и по сообраќајници за кои постојат услови за канализирање по гравитациски пат.

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини.

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, средниот коефициент на отекување, коефициентот на ретардација (задоцнување) и интензитетот на врнежи за Струга кој ќе се земе дека е i=110l/sec/ha според ГУП на град Струга од 2007 година.

$$Q = \Sigma F \times i \times \Psi \times \varphi$$

Вкупната сливна површина која гравитира кон атмосферската канализација изнесува:

$$F = 14{,}36ha - река = 14\text{-}0{,}4884 = 13{,}51$$

Средниот коефициент на отекување ќе се пресмета по формулата:

$$\Psi = (F1 \times \Psi1 + F2 \times \Psi2 + F3 \times \Psi3) / \Sigma F$$

$$\Psi = (9{,}20 \times 0{,}80 + 0.2791 \times 0{,}15 + 4{,}10 \times 0{,}85) / 13{,}51 = 0{,}80$$

Каде:

F1 – површини под покриви
F2 – површини со зеленило
F3 – површини под улици и тротоари
Ψ1 – коефициент на отекување од покриви
Ψ2 – коефициент на отекување од зеленило
Ψ3 – коефициент на отекување од улици и тротоари

Коефициентот на ретардација $\varphi = 1$

Според тоа количината на атмосферска вода за одводнување изнесува:

$$Q = 13{,}51 \times 110 \times 0{,}80 \times 1 = 1188{,}88\ l/sec$$

Усвоено е цевките за атмосферска канализација да бидат Ø250mm и Ø300mm со минимален пад од 0,25%.

5.7. ТОПЛИФИКАЦИСКА МРЕЖА

Во локалитетот не е предвидена топлификациона мрежа. Потребите за затоплување ќе се решаваат локално за секој од објектите.

6. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ФИНАНСИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА

Обемот, динамиката на финансирање и реализација на планските решенија на изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план, кој е предмет на работа, ги опфаќа сите трошоци за планирање, проектирање, подготвување (уредување) на земјиштето изградбата на објектите, надворешните инсталации и партерното уредување.

Секако дека има и други трошоци освен наброените, што влијаат на висината на вкупните средства потребни за реализација на еден ваков документ.

Секакво определување на трошоците за реализација на овој опфат наречени „економско образложение“ е соочено и оптоварено со низа ограничувања и истите реално ќе произлезат

од вредностите пресметани со Основните проекти, а се изложени и на чести промени на цените на пазарот, неможноста да се утврдат одделни ставки на трошоци, непредвидливоста на одделни трошоци, обемот на уредување на градежното земјиште, постојаниот расчекор помеѓу потребите и можностите, недостатокот на егзактни елементи за докажување на одредени претпоставки и слично.

Поради сето изнесено економското образложение го сфаќаме како најгруба апроксимација, која не би можело да има карактер на било која планска одредба.

Ова посебно важи за ваков плански опфат како дел на градското земјиште во сопственост на корисниците и сите вложувања во постојна инфраструктура, која се задржува и се вклопува во потребите на дел од опфатот.

Економското образложение за оправданоста на планскиот концепт произлегува од реалната состојба на теренот, планските одредби од важечката планска документација и планските решенија кои ги нуди предметниов план.

Планот предвидува 198620m² бруто развиена површина со различна класа на намени. Спроведувањето на одредбите од овој План ќе претставува своевиден импулс во развојот на Општина Струга; градбата значи повеќе комуналии за општината и можност за целосен развој на инфраструктурниот систем, согласно планските одредби од овој план, но и согласно ГУП на Град Струга.

7. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

7.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) за планската документација ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА 4 БЛОК 15 - СТРУГА, се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко - технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко - технички мерки се:

- засолнување
- заштита и спасување од поплави
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
- заштита и спасување од урнатини
- заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација

- згрижување на загрозеното и настраданото население
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- прва медицинска помош
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- асанација на теренот.

7.2. ЗАСОЛНУВАЊЕ

Република Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко - хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

7.3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Заштита и спасување од поплави мора да се предвиди бидејќи во близина се наоѓа река „Црн Дрим“ која во пролетните периоди има големо количество на вода.

7.4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

На површината на предметниот плански опфат ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА 4 БЛОК 15 СТРУГА, предвидени се вкупно 393 градежни парцели,

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот центар во Струга, би изнесувал од 5 до 10мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80mm. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ø80mm се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø80mm. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) член 70, инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

7.5. ЗАШТИТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА

Согласно Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

7.6. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до следната градежна линија е 6,00m, на коридорот на улиците;
- објектите се со кота на венец до 16,5m;
- при рушење објектот ја зафаќа h/2 од површината околу себе, односно руините се во најголем дел во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од IX степени MC3, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

7.7. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ТЕХНИЧКО - ТЕХНОЛОШКИ НЕСРЕЌИ

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти и заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

Услови за заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи:

- потребно е да се предвидат превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- потребна е замена на халогенираните јагленоводороди како разладни средства и пропеланти, редукција на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци и редукција на емисија на бензин, хлорометан, духлоретан, бакар и кадмиум, намалување на емисијата на јаглероден диоксид и сулфур диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материјал.
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

7.8. СПАСУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ

Планираната улична мрежа за документација Детален Урбанистички План за дел од Урбана Единица 4 Блок 15, Општина Струга, е планирана по принцип на хиерархиска функционална класификација, од примарна и секундарна мрежа.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански опфат до 5 мин.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат би изнесувал до 10 мин.

7.9. ЕВАКУАЦИЈА

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

7.10. ЗГРИЖУВАЊЕ НА ЗАГРОЗЕНОТО И НАСТРАДАНОТО НАСЕЛЕНИЕ

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

7.11. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територијата
- дозиметриска контрола
- детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
- лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

7.12. ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат во реонот на Струга би изнесувал до 5мин.

7.13. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

7.14. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА РАСТЕНИЈА И ПРОИЗВОДИ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

7.15. АСАНАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на загинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работна средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.
Носителите на одделните активности за асанација на теренот ќе се утврдуваат според надлежноста за предметниот реон.
Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија,бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

i. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
ii. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати,енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и
iii. при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на Изменување и дополнување на Детален урбанистички план, за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), Процена за загрозеност на Република

Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија, бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија, бр. 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Службен весник на Република Македонија, бр. 8/05).

7.16. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

На посочената локација не постојат заштитени споменички добра или заштитен археолошки локалитет. Од тие причини НУ Завод и Музеј – Охрид нема потреба да изработи заштитно конзерваторски основи за културно наследство за подрачје на опфат на Детален урбанистички план, но бидејќи планскиот опфат се наоѓа во близина на веќе заштитени архиолошки локалитети при изведба на земјени работи неопходно е потребно присуство на стручно лице археолог кој што ќе ги надгледува работите и ќе ги евидентира и документира евентуалните наоди.

Во делот на планот кој е опфатен со контактната зона се предвидува следниот режим на заштита:

- Режим на заштита на контактната зона :
Контактната зона подлежи под режим на заштита од трет степен, каде што непосредната заштита се изведува според општите прописи и посебно пропишани услови кои се однесуваат особено на :

1. Локации :
   - Секоја новоиздадена локација или темелна реконструкција, со оглед на можноста за постоење на археолошки локалитети може да биде условена со претходни археолошки истражувања.
   - Новопредвидените локации да не бидат со големи димензии и максимално да се зачуваат зелените површини.
2. Габарити :
   - Да се има особено внимание за големината на габаритите и евентуалната можност за затворање на визурите кон споменичката целина.
   - Да се запази постоечката градежна и регулациона линија на објектите.
3. Висини :
   - Објектите да не се повисоки од П+4 + Пк.
   - Пожелно е високите објекти да се со променливи висини, односно каскадно да се спуштаат.
   - Објектите кои се споменички добра не подлежат на промена на висините.
4. Кровови :
   - Да се зачуваат повеќеводните кровови на поединечните споменички добра.
   - Кровен покривач на поединечните споменички добра може да биде исклучиво од керамида-каналица слична на старата керамида.
5. Фасадна
